РОЈ ХЕШОН

# ЗАБОРАВЕНИ ФАКТОРИ НА СЕКСУАЛНИОТ ГРЕВ

ПОМОШ ЗА ПОДЛАБОКО ПОКАЈАНИЕ



РОЈ ХЕШОН

# ЗАБОРАВЕНИ ФАКТОРИ

## НА СЕКСУАЛНИОТ ГРЕВ

### ПОМОШ ЗА ПОДЛАБОКО ПОКАЈАНИЕ

ROY HESSION
BOOK TRUST

Наслов на оригиналот:
Originally published in English under the title
*Forgotten Factors of Sexual Sin: An Aid to Deeper Repentance*
*by Roy Hession*
Copyright © 1976, 2013 by Roy Hession Trust

Издавач: ИЗГРЕВ – Скопје
Превод од англиски: Јован Јоновски
Лектура: Бранкица Јовева
Уредник: Јован Јоновски
Дизајн и прелом: OM EAST
Печати МАРИНГ
Тираж: 1000

За изданието на македонски:
© 2021 by Roy Hession Trust for the Macedonian edition.
Translated by permission. All rights reserved.

eBooks for download:
*royhessionbooktrust.org/books---hession.html*
*east.om.org/ebooks*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

27-42
613.88:27

ХЕШОН, Рој
Заборавени фактори на сексуалниот грев : помош за подлабоко покајание / Рој Хешон ; [превод од англиски Јован Јоновски]. - Скопје : Здружение на граѓани за промовирање духовни вредности Изгрев, 2021. - 104 стр. ; 21 см

Превод на делото: Forgotten factors of sexual sin : an aid to deeper repentance / by Roy Hession

ISBN 978-608-66046-5-3

а) Христијанство -- Морални аспекти б) Сексуално однесување -- Христијански аспекти

COBISS.MK-ID 54209029

# ПРЕДГОВОР

Поднасловот на оваа книга „Помош за подлабоко покајание“, мора да се сфати сериозно ако треба да се исполни целта на пишувањето на мојот драг пријател Рој Хешон. По петнаесет или дваесет години омекнување од светските влијанија во Црквата, вклучително и изјавата на суд од англикански бискуп дека прељубата во одреден роман е форма на „света причест“, најверојатно нема да биде удобен овој повик за подлабоко покајание во оваа област од животот.

Обожавањето на Ерос стана исто толку одлика на западниот свет колку што беше и неговиот паралелен култ во Ефес, во деновите на Апостол Павле. Божјите стандарди се исти како и тогаш, но, како што нагласува оваа книга, и Неговата благодат е иста.

Глава 7 вели: „Црквата во Коринт беше црква на преобратени и предадени блудници, прељубници, хомосексуалци, крадци и пијаници. И зошто да не? – тоа е она што треба да биде црквата, еден куп грешници, спасени со Божјата благодат!“

Така авторот ја зголемува Божјата благодат и додека тој нè внесува подлабоко во природата на гревот, откриваме дека никој од нас не е без вина, и затоа сите сме кандидати за Божјата благодат којашто доаѓа преку смртта и воскресението на Господ Исус Христос.

Ако книгата ја постигне својата цел да нè придвижи кон подлабоко покајание, таа ќе ни овозможи да ја запознаеме и да уживаме во Божјата благодат на еден нов и подлабок начин.

Еди Страјд<br>
Ректор на Христовата црква<br>
Спиталфилдс, Лондон<br>
Англија

## Еден

# ЧУДЕН НАСЛОВ

Нема гревови коишто предизвикуваат толку многу тага и срам и толку многу несреќни компликации, и лични и социјални, како сексуалните гревови. Во текот на изминатите четириесет години патував низ Британските острови, Соединетите Американски Држави и другите делови на светот, служејќи му на Христовото евангелие. Се сретнав со многу ситуации на голема потреба, тага и збунетост, како резултат од она што во насловот на оваа книга го нареков „сексуален грев". Открив дека овие ситуации се мошне чести, понекогаш дури и во самата црква или меѓу нејзините новообратени, кои допрва треба да се одвојат од некои аспекти од нивниот поранешен живот или меѓу нејзините постари членови кои се заробени.

Целта на првата глава е да даде преглед на значењето и обемот на оваа мала книга со очигледно чуден поднаслов, наведен во целост на насловната страница: „Помош за подлабоко покајание". Додека ги испитуваме проблемите и мизериите, предизвикани од гревот на човекот, знаеме (или треба да знаеме) дека Божјата благодат има целосен одговор за сите тие проблеми. Божјата благодат е секогаш поголема од гревот на човекот. Како што некој рекол: „Исус не ужива само да му прости на оној кој го предизвикал нередот, туку и да го среди нередот". Откако работите ќе тргнат наопаку во животот, единствената грижа Му е закрепнувањето. Тој не спроведува истраги или не сака да ја распредели вината, туку едноставно, секому му го поставува прашањето што му го постави на парализираниот на базенот во Витезда: „Сакаш ли

да оздравиш?“ Зашто, Тој е експерт во областа на закрепнување од загубите, компликациите и мизеријата, предизвикани од гревот на човекот. Ако можам така да кажам, Тој е најдобар и токму Неговите безбројни успеси во областа на закрепнувањето го прават Него познат.

Но, (едно важно „но!“) одговорот на Божјата незаслужена благодат секогаш зависи од целосното покајание на човекот. Само со покајание, луѓето стануваат кандидати за Божјата благодат. Меѓутоа, денес, покајанието стана она што недостасува во евангелието. Луѓето не знаат како да се покаат. Дури и кај христијаните, повикот на покајание им паѓа чуден, особено кога е упатен кон нив, а не само кон оние кои се надвор. Повеќе од тоа, луѓето не знаат каде да се покаат, особено во врска со сексуалното лошо однесување и ситуациите создадени од тоа. Често, тие не ја гледаат основната грешка што ја сториле. Ако воопшто се покаат, може да се каже дека се каат за погрешни работи. Факторите во таквото погрешно однесување, за коишто моралниот Бог е најзагрижен, се заборавени. И бидејќи нема покајание за она за коешто Бог најмногу се труди, не се доживува целосниот одговор на Неговата благодат и прекрасното закрепнување што можеше да ни го даде.

Овие страници се напишани токму за да се потенцираат овие заборавени фактори, во надеж дека некои ќе бидат во можност, убедени од Светиот Дух, да се понизат и да се покаат за оние основни неправди што ги сториле. И во тоа покајание може да ја вкусат сладоста на Божјата благодат за грешниците, благодат што не само што му простува на грешникот, туку одново го преправа расипаниот сад и неговата ситуација, така што може да има безгранична причина да пее:

Кој Бог помилува како Тебе
или кој има благодат толку богата и бесплатна?

Ако целта на книгата е да биде „помош за подлабоко покајание“, како што сугерира поднасловот, тогаш може само да му понуди помош и охрабрување на грешникот – она што Апостол Павле го нарекува „преку благодатта Своја ни даде вечна утеха и добра надеж“.[1]

Сфаќам дека кога станува збор за прашања за сексуално однесување, скоро секој се смета себеси за експерт! Деновиве се емитува толку многу на оваа тема, што многумина имаат добро развиени идеи за оваа тема, и поради таа причина, некои можат да бидат склони да ги читаат овие глави прилично збунети. Но, тие се напишани за оние во очајни потреби, како еден вид појас за спасување додека се борат со брановите. Ако се смета дека пристапот кон овие проблеми е донекаде поедноставен и не ја зема предвид модерната мисла на оваа тема, тоа е затоа што самата Библија го нарекува гревот едноставно грев, без извинување, но му нуди секому што се кае изобилство на Божјата благодат, што ги покрива сите неуспеси и го откупува од сите негови проблеми.

Овие глави не се занимаваат само со давање добар совет и сугерирање упатства за човековото однесување, за да се спречи извршувањето неправилности и нанесувањето огромна штета. Претпоставуваат дека погрешното е веќе сторено, штетата е веќе направена, дека е веќе доцна за добар совет. Прашањето е сега, дали има некоја добра вест да им се каже на луѓето во таква состојба? Одговорот е да, илјадапати да.

---

[1] 2 Сол. 2:16.

Два

# ЗАБОРАВЕНИ ФАКТОРИ

Денес нашето општество е толку опседнато со секс, така што ако воопшто размислува за погрешно сексуално однесување, се чини дека мисли на тоа само во смисла на самиот забранет сексуален чин – похотливоста, нечистотијата, неконтролираната страст и неговата перверзна употреба. Ако тоа е главниот проблем на лошото сексуално однесување, на луѓето им е лесно да измислат изговори за себе и да го избегнат убедувањето на Светиот Дух. „Сигурно", велат тие, „тоа е нешто биолошко, нешто сосема природно. Зависи од општеството, дури и од Бог, да се повлече линија и да се каже дека пред одреден датум, таквиот акт не е во ред, но по тој датум, тој е во ред. Она што е направено може да биде похотливо, но не е помалку природно". Ако главната грешност на ваквото лошо однесување е похотливоста и нечистотијата на самиот чин, на луѓето им е лесно да се бранат на овој начин.

Чудно, тоа е аспектот со којшто Библијата, којашто е единствениот израз на умот Божји, најмалку се занимава. Немој да мислиш дека Библијата недвосмислено, не го осудува сексуалното лошо однесување поради нејзината похотливост и нечистота. Библијата зборува за прељуба, феминизам, нечистотија, лакомост, необична наклонетост, но и за нивните денешни еквиваленти: промискуитет, неморал, неверство, проституција, хомосексуалност, мастурбација, лезбејство, страсна имагинација, уживање во порнографска литература итн. – Сите знаеме за што зборува Библијата. Изненадувачки е колку многу зборува за овие работи. Нема ниту едно послание

на Павле – забележете, упатено кон христијани – во коешто тој не зборува за нив и за луѓето кои ги прават. И кога ќе го слушнеме како вели: „заради што Божјиот гнев доаѓа врз децата на непослушноста“[1] и повторно, „од тоа што ти го кажувам претходно, како што ти реков во минатото, дека оние кои прават такви работи нема да го наследат Божјото царство“[2], воопшто не постои сомнеж дека Библијата ги осудува овие работи за нивната похотливост, нечистотија и изопаченост.

Но, и покрај тоа, повторно велам, тоа е аспектот со којшто, се чини, Библијата е помалку загрижена. Таа зборува за физичките аспекти на сексот, и исправен и погрешен, со целосно отсуство на шок. Иако ништо не е скриено во нејзините извештаи, на повеќето похотливи читатели им е мошне тешко да уживаат во работите на коишто се алудира – главно затоа што тоа не е целта за којашто е напишано, за што сигурно не може да се каже многу од книгите што се објавуваат денес, дури и кога се тврди дека се одлична литература. Сите алузии во Светото писмо за сексот, дури и за најдеградираните форми на секс, се чисти; и повеќе, тие се продорни. Бог оди кон поголемите грешки што стојат зад овие работи, каде што луѓето се крајно виновни и без изговор, каде што се гледа дека делото е спротивно на вечните морални принципи што се дел од Божјата природа и се запишани во природата на човекот, во неговата совест. И се разбира, ние сме во област каде што сексуалното лошо однесување не се разликува од кое било друго лошо однесување. Гревот е едноставна егоцентричност, независност на Бог, и тоа во основа е секогаш исто. Само суровината во којашто работи гревот се менува. Суровина на еден човек може да биде сексуална желба; на друг може да биде желба да биде прв. Тоа е степенот до којшто човекот се препушта на својата посебна суровина, во спротивност на

[1] Кол. 3:6.
[2] Гал. 5:21.

познатата волја на Бог, што претставува степен на неговата грешност. Бог тогаш инсистира на проценка на сексуалното лошо однесување, според истите принципи како што суди на кое било друго лошо однесување, и тоа, правилно разбрано, е тоа што го прави Неговиот суд толку страшна работа за нас.

Меѓутоа, факторите што го сочинуваат вистинското лошо сексуално однесување, денес се во голема мера заборавени. Кога мажите и жените во некоја криза во својот живот се обидуваат да се покаат за своите гревови по оваа линија, тие ретко надминуваат признание за похотливост и нечистотија. Како и да е, Бог сака да дојде до нешто подлабоко од тоа, за коешто тие се далеку поодговорни, како што се штетите што една личност ги нанесува на друга преку сексуално однесување, зголемената дволичност којашто е секогаш вклучена во такви несреќи, обесчестувањето што некој му го прави на сопственото тело преку злоупотреба на неговата моќ и пред сè, на неправдите што се направени кон љубезниот Бог. Ова се некои од заборавените фактори што мошне ретко ги слушаме при исповед. Оние кои би можеле да тврдат дека се покајале, ќе можат поблиску да испитаат дали никогаш не се соочиле со поодговорните аспекти на своите дела, и од тие причини никогаш не го доживеале целосниот одговор на Божјата благодат. Понекогаш човек што дошол кај Христос и го прифатил како свој Спасител, очигледно нема искуство во Божјата благодат. Неговото сведоштво некако не е сведоштво за грешник, и се чини дека тој не располага со радост на грешникот кога неговиот Спасител му простува сè. Можеби немало покајание на нивото што Бог го сака. Можеби тој не ги видел најодговорните фактори во неговиот грев или ако ги видел, практично ги заборавил.

Значи, можеме детално да ги разгледаме заборавените фактори во различните форми на лошото сексуално однесување, и навистина во сите лоши однесувања.

Три

# ЗАБОРАВЕНИОТ ФАКТОР ВО ПРЕЉУБАТА

Никаде не се појасно откриени основните фактори за погрешното сексуално однесување од библискиот запис за погрешното однесување на кралот Давид кон Витсавеа, сопругата на еден од неговите војници. Јасно, за оние кои се подготвени да го видат тоа. Она што е поучно за нас е што тука не станува збор само за сторија за еден несреќен настан, туку за тоа како Бог постапува, покажувајќи дека тој е Бог на вистината и на судот од една страна, но и на милост и благодат од друга. Тоа не е само сторија за падот на инаку големиот и побожен крал, туку за тоа како Бог славно и целосно го обновил Давид од тој пад. Оваа сторија стана славна во светот само заради грешноста што ја изразува; но тоа не е причината зашто е запишана во Библијата. Запишана е за да се открие Божјата слава во возобновувањето на еден грешник како Давид, во закрепнувањето дури и од ситуацијата во којашто западна и во користењето дисциплина и казни, применети за да напредне на патот на светоста и дружењето со Него. Значи, и покрај нездравиот интерес што светот може да го покаже за оваа сторија, таа е проповедник на евангелието. Навистина, тој е единствениот кој вистински го разбира тоа.

Да го раскажеме накратко првиот дел од сторијата. Додека неговата војска беше далеку на фронтот против непријателите, Давид беше во Ерусалим. Еден ден, тој стана од пошладневниот

одмор, и се прошета во ладовината на вечерта на покривот на својата куќа, од каде што виде една убава жена како се бања, во приватноста на својата градина. Страстите на Давид се возбудија, и тој се распраша за неа. Дозна дека жената е сопруга на еден од неговите војници на фронтот. Ја натера да го посети, и во таа прва пригода се случи погрешното однесување. Таа се врати во својот дом за да го продолжи својот нормален живот, без никој да знае што се случило, а целата работа беше тајна помеѓу нив двајцата. Следуваат и многу други работи, но да застанеме тука за момент.

Досега, нема ништо необично во оваа сторија. За жал, вакво нешто се случува често во животот на човекот, и записот би бил од мал интерес, освен за оние кои бараат порнографија, да не беше ова случај каде се гледа како Бог делува во однос на она што е направено. Наспроти тоа што многумина мислат, единственото нешто што го прави човечкиот живот навистина интересен е тоа како Бог постапува во вакви ситуација. Она што се случува денес се случувало низ сите векови; човекот никогаш не е толку неоригинален како во своите гревови. Но, штом еднаш ќе слушнеме за тоа како Бог делува во животот и неговите неуспеси, сторијата станува поинтересна, бидејќи се јавува свеж и секогаш нов фактор. Нема состанок што е поинтересен од состанокот за лични сведоштва; ако никогаш не сте биле на таков, пропуштате една од најпривлечните активности на црквата. Но, од каков интерес ни е да слушнеме лице кое само раскажува за видот на животот што го живее, за незадоволството од него, за неуспесите што го обележуваат? Да беше тоа сè, тоа ќе беше мрачен рецитал, којшто може да се совпадне со многу од нашето и од туѓите искуства. Но, кога некој продолжува да раскажува за тоа како Бог постапил, и дека тоа го сторил со благодат, наместо со осуда, и дека со најсреќни резултати, секој збор се следи со најголем интерес, и на крајот на краиштата, слушателите можат едвај

да се воздржат од гласно славење на Бог. Потребно е Бог да дејствува и да се движи за да го направи животот возбудлив и мошне интересен!

Така е и со овој запис пред нас, каде запревме во овој момент. Никој не знаеше што направил Давид, но секако Бог знае и презел нешто. Неговиот прв чекор мора да биде убедливо откривање на вистинската грешност на делото. Некое време од небото не доаѓал никаков збор. Давид останал со својот грев врз својата совест. Тој во еден од своите псалми ни раскажува низ што поминал во тој период: „Додека молчев, се сушеја коските мои од секојдневното мое воздишување, бидејќи и дење и ноќе тежеше над мене раката Твоја, се сушев како на летен припек“.[1] И покрај тоа, сомнително е дали тој ја сфаќал вистинската грешност на она што го сторил. Најпосле Бог му го испратил пророкот Натан да ја пренесе Неговата порака. Во таа порака, не е кажано ништо за похотливоста, нечистотијата, неконтролираната страст, изразена во неговото дело. Кажана е една едноставна приказна за безобразно зло што еден човек му го нанел на друг, а Натан ја раскажал приказната како да бара законска пресуда од кралот за ова прашање. Тој раскажал за некој богат земјоделец кој поседувал големи стада добиток и овци. Недалеку од него, во сиромашна куќарка живеел човек чијшто единствен капитал, ако може да се нарече таков, било едно јагне. Можеби тој имал намера да го размножува, но во меѓувреме тоа станало домашно милениче, миленик на децата. Некој патник неочекувано дошол кај богатиот човек. За да го угости, на богатиот човек „не му беше по волја да земе од овците или од воловите свои [кои ги имаше многу] за да зготви ручек на странецот, кој беше дошол кај него, туку ја зеде овчичката на сиромавиот и му ја приготви неа на човекот што беше дошол кај него“.[2] Драмата продолжува, „Давид многу се

[1] Пс. 32:3–4.
[2] 2 Сам. 12:4.

разгневи кон тој човек и му рече на Натан: ‘Жими Господ! Смрт заслужува оној човек кој го направил тоа; и за овчичката тој треба да плати четворократно, зашто го направил тоа и затоа што немал милост’. Тогаш Натан му кажа на Давид: ‘Ти си оној човек кој го изврши тоа’“.[3]

До тој момент, Давид никогаш не сфатил што навистина сторил. Земајќи ја сопругата на еден од неговите старешини, тој го сторил токму она што го сторил богатиот – дело што толку го возбудило неговиот гнев, оној кому не му недостасувале сопруги и наложници, според кралскиот обичај од тие денови. Тој ја завел единствената сопруга на еден од неговите војници. И тоа зад грб, кога тој му служел на кралот на бојното поле, со што го разрушил и својот дом и ја уништил својата среќа. Дури и да не се дознал нејзиниот чин, дури и да не се повторил, сосема сигурно е дека никогаш нема да се чувствувала исто кон својот сопруг. А, кој знае дали тоа би водело кон понатамошни екскурзии во забранети работи? Она за што Бог го убедувал Давид не биле похотливоста и нечистотијата на она што го сторил, туку бесмисленото зло што му го нанел на друг човек. Ова за Давид беше еден од заборавените фактори на неговото сексуално однесување.

Ова е аспект на прашањето што Бог сака да ни го покаже и за којшто мора длабоко да се покаеме ако сакаме да го спознаеме мирот со Него – тешкото зло што сме му го направиле на друг. Значајно е што заповедта „Не прељубодејствувај!“[4], не е групирана на првата камена плоча, со оние од десетте заповеди што се однесуваат на нашите одговорности кон Бог, туку е меѓу оние на втората камена плоча, коишто се однесуваат на нашиот однос кон нашите ближни. Заповедите на првата плоча се сумирани во Христовите зборови: „Љуби го Господа, твојот

---

[3] 2 Сам. 12:5–7.

[4] Из. 20:14.

Бог, со сето свое срце!“,[5] додека оние од втората, со зборовите: „Љуби го ближниот свој како себеси!“.[6] Прељубата е престап на законот за љубов кон ближниот. Некој може да тврди дека неговата прељуба е заради љубов, љубов кон жената и затоа не е кршење на законот за љубов. Што и да е тоа кон жената, тоа сигурно не е љубов кон нејзиниот сопруг. Прељубата претставува најбесмислен престап на правата, интересите и чувствата на друго лице, што е можно и мошне често околностите во коишто е извршено и практикувано (зашто тоа обично не е изолиран чин туку редица од нив), го прават таквото однесување многупати поодвратно и повиновно. Не само што е значаен фактот дека заповедта „Не прељубодејствувај!“[7] се појавува на втората плоча, туку и позицијата во којашто се појавува таму е уште позначајна. Се наоѓа помеѓу „Не убивај!“ и „Не кради!“, и Бог го смета во истата категорија. Во многу реална смисла е крадење – крадење сопруг или сопруга на друго лице, крадење најинтимна среќа на друг, разбивање на домот на друга личност.

Колку и да изгледа чудно, се чини дека Бог најактивно се интересира за оваа страна од животот, и на особен начин се чувствува Самиот инволвиран во ова кршење на правата на друг човек. Навистина, Тој јасно се прогласува за одмаздник на сите такви. Во Солуњаните, Павле вели: „...и да не престапува и го измамува во тоа братот свој“[8] (и контекстот јасно кажува дека предметот се однесува на сексуалните односи), „бидејќи Господ за сето тоа се одмаздува“. И повторно во Евреите читаме: „Бракот да се почитува од сите, и брачното легло да се пази неосквернето; а блудниците и прељубниците ќе ги суди Бог“.[9]

---

[5] Мт. 22:37.

[6] Мт. 22:39.

[7] Мт. 19:18.

[8] 1 Сол. 4:6.

[9] Евр. 13:4.

Кога некое лице ги остварило своите желби и она што изгледа како нова среќа во вториот брак, лесно е да се заборави цената што требало да се плати за тоа, и тоа неплатена од него туку од некој друг. Некој друг ја плати цената на губењето на својот сопатник; некој друг пролеал солзи длабоко во ноќта; некому друг му е одземена среќата; некому друг му е растурен домот; некој друг останал осамен, се бори самостојно; децата останаа без татко или мајка. Лесно е да се заборават страшните грешки што ги претрпел другиот, додека уживаме во нашата нова љубов. Но, Бог не заборава. Со текот на годините, Тој продолжува да го кажува она што Му го рече на Каин: „Крвта на братот [или сестрата] твој вика од земјата кон Мене“.[10] Таквиот нема да знае за мир со Него сè додека не се покае за злото што некому го сторил. Ќе дојде време за таквите, како што доаѓа во секој живот, кога очајно ќе му биде потребен Бог и целата помош што може да ја даде, но нема да Го најде додека овие неправди остануваат непокајани и затоа не се простени од Него.

Се разбира, сите такви ситуации се нарушени од пригодните рационализации што го заслепуваат секој учесник за неговото зло во ваквиот случај. Мошне често се вели дека тој или таа никогаш не биле навистина задоволни со својот партнер; имале кучешки живот, животот бил неподнослив. Колку е лесно за таквите фактори грубо да се преувеличат за да се оправда направеното! Па дури и таму каде што тие работи се вистинити (и секако дека таквата несреќа е премногу честа), тие биле задоволни да го поднесат тоа и „да го искористат“ и да го прават тоа неодредено време – сè додека не се појави друга, особено привлечна личност. И не е направено никакво зло, доколку и другата страна даде согласност. Во многу случаи, вистинската причина за распадот на домот не беше невозможноста на првиот

---

10 Бт. 4:10.

партнер туку посакуваноста на вториот. Но, дури и таму каде што постои непобитна несреќа во врската, нема оправдување трето лице да го украде она што му припаѓа на друг. Човек може да го занемари својот автомобил, никогаш да не го исчисти и да дозволи да се распадне, но тоа не е основа за некој друг да го присвои затоа што смета дека може подобро да го чува. Ако сепак се обидеме да ја оправдаме прељубата, лахмусовиот тест е да се запрашаме, дали другиот сопруг или сопруга се чувствуваат дека сме им направиле услуга за да го ослободиме од неговиот партнер и ние да уживаме во него? И покрај фактот дека врската можеби не била среќна, кога такво нешто ќе се случи, другиот брачен другар секогаш се чувствува лут кон оној кој го сторил ова, затоа што неговите права биле повредени. Во многу случаи, тоа е многу повеќе – горчина и несреќа.

Мислам дека особено на жените треба да им се помогне да го видат своето зло што ѝ го сториле на другата жена. Мошне често, сентимент се додава на сите вообичаени рационализации и ја заслепува за да ги види фактите, како што Бог ги гледа. Мошне често, мотивот на сожалување станува силен кај жената додека ја слуша приказната за несреќата што мажот ѝ ја раскажува. Таа почнува да чувствува дека може да му го даде на мажот она што неговата сопруга не му го дава. Дури може и да се убеди себеси дека тоа е благороден чин за којшто мора да биде подготвена да го храбри, дури и на сметка на своето семејство. Почесто има гордост во тоа, во чувството дека таа успева да задоволи маж каде не успеала неговата сопруга. Сето ова ја тера да го изгуби од вид факторот што Бог некогаш го гледа, големото зло направено на другата жена. Дури и кога таквиот престапник ќе го прими Исус Христос како свој Спасител, понекогаш е сомнително колку далеку се покајал за своето учество во ова и до каде знае за целосното заздравување и враќање на Божјата благодат.

Знам за ситуација кога еден маж паднал на привлечноста на друга жена, и станал неверен на својата сопруга. Таа се развела од него и тој се оженил со другата жена. Сега години подоцна, тие тројца се преобратени во Бог и го примија Исус Христос како свој Спасител. На човекот му е непријатно од ситуацијата, но неговата втора сопруга е прилично задоволна работите да останат такви какви што се и не гледа причина за загриженост. Не ја познавам ситуацијата интимно, но, не можам да не се прашувам дали втората жена некогаш престанува да мисли дека првата жена живее сама во мотели, оди на работа за да се издржува, без друштвото на некој кој некогаш бил нејзин близок – ја признава погрешната сладострасност на нејзината прва врска со човекот и признава дека не биле во право да се разделат; но тоа е најмалку важен фактор во ситуацијата. Човек се прашува дали некогаш се понизила пред Бог да признае дека ѝ згрешила на првата жена, што е грев против Бог?! Дали некогаш била кај неа за да го признае тоа и да бара прошка и да праша што може да се исправи?!

Кога ваков инцидент е опишан вака, веднаш се прашуваме кои се практичните прашања, особено ако сме вклучени во такви ситуации. Што треба да направам за да го исправам тоа? Дали треба да се откажам од оној со кого живеам – а што е со децата? Или, во друга ситуација може да се праша, дали мора да му кажам на мојот сопруг, на сопругата, за она што се случило? Зарем не е подобро да се остави сегашниот партнер во незнаење? Мошне често, овие прашања се поставуваат пред да има вистинско покајание, пред ова нешто да биде длабоко оценето пред Бог како грев. Бог ќе ни рече: „Направете го тоа најпрво, и ќе бидете сигурни во Мојата прошка. Потоа, ќе ви покажам што сакам да правите во врска со исправувањето на работите со другиот и кога треба да го сторите тоа“. Основната работа е вистински да се покаеме и да му признаеме на Бог; ситуацијата е тогаш во неговите раце, раце што можат да ги

направат сите работи нови. Затоа, мора да му дозволиме да нè води во тоа што сака да го правиме за надомест на штетата – и Тој не секогаш ќе сака да брзаме. Понекогаш е корисно да се побара совет од друг искусен христијанин кој ќе ни биде верен, за да се утврди волјата на Бог.

Четири

# ЗАБОРАВЕНИОТ ФАКТОР ВО БЛУД

Разликата помеѓу прељубата и блудот едноставно е во тоа што прељубата е сексуално неморално однесување во случај кога едната или двете страни се во брак со друг, додека блудот е сексуално неморално однесување кога ниту едната ниту другата страна е во брак. Прељубата според законот е кршење на законскиот договор за брак, додека во случај на блуд, нема законски договор што се крши. Од таа причина, луѓето почнаа да го сметаат овој чин за полесен од прељубата. Навистина, може да се тврди дека елементот на зло, направено на друг, за кого зборувавме, не е присутен во блудот како во прељубата. Нема сомнение дека тоа е популарно гледиште дека овде не се прави штета на трета страна, и затоа не е важна, и затоа оваа работа е во голема мера непокајана.

Овде особено, ако мислиме само на похотливоста на самиот чин, ќе можеме лесно да тврдиме дека на крајот на краиштата, тоа е природно и биолошко и дека денес се сменија постарите кодекси на моралот. Но, повторно тоа е огромно зло направено на друг, што Бог сака да го разоткрие. И покрај популарното гледиште, Тој смета дека ова е исто толку погрешно како и прељубата, и секако, блудникот ќе мора да се покае како и прељубникот, ако сака да го спознае мирот со Бог.

Има зло што е направено на друг, пред сè, во тоа што маж или жена провоцирале друг да го стори тоа што е против неговата совест. И покрај сите современи „напредни“ идеи на

оваа тема, и покрај сите тековни психолошки рационализации на оваа тема, луѓето сè уште сметаат дека ова не е во ред. Сите радикални говори и пишувања не успеаја да му ја одземат грижата на совеста на човекот за блудот. И кога мажот заведува девојка или кога похотлива жена провоцира млад човек, тој или таа го поттикнува другиот да направи нешто што ќе биде дамка на неговата чест, гнојна болка на неговата совест, нешто што треба да го крие и за што треба да кажува лаги. Тоа за возврат може да го доведе во состојба којашто еден ден ќе го одведе на консултации кај психијатар, барајќи третман за неговиот измачен ум. Дали тоа не му нанесува сериозно зло на некој ближен? Честа и совеста на мажот и жената се неговиот најскапоцен имот, основата на неговата ментална и психолошка благосостојба. Колку е виновен тогаш оној кој бесвесно помага да му го одземе тоа!

Потоа, постои огромно зло, направено на друг, со тоа што мажот или жената може да го турнат другиот на лизгавиот пат на понатамошно недозволено сексуално уживање и промискуитет. Кој знае дали на девојката или младиот човек им е дадено да вкусат нешто што нема да запре тука, ќе се разгори оган што ќе значи морална деградација во промискуитет и уште полошо?! Во Божјите очи, моралната одговорност е поставена пред вратата на оној кој го турна на лизгав терен или кој му помогнал да продолжи откако веќе тргнал. Сексот и во најдоброто и најчистото е како оган што тлее, а да си играш со него е како да истураш бензин на оган. Не смееме да се оправдуваме со мислата дека оној со кого сме биле вплеткани, оттогаш никогаш не отишол далеку по таа падина. Не сме помалку одговорни што го туркаме него и му овозможивме да оди уште понатаму. Обидувајќи се да избегнат одговорност за ова, некои мажи со гордост ќе кажат дека никогаш не допреле девица, дека сите оние со кои имале односи, и порано имале такви. Нема да избегаат од одговорност пред Бог. Мора да го

сносат својот удел во вината за моралното разочарување на таа личност. Додека некој друг мора да ја сноси вината за тоа што таа стана „фер игра“ за овој подоцнежен човек, тој мора да ја прифати одговорноста што ја додаде на нејзиниот срам. Човекот кој сака мир и возобновување, што ги дава Исус Христос, ќе мора да се покае за сиот негов блуд, како да им нанел тешки рани на оние со кои блудствувал; а Бог може дури и да го испрати да го побара оној за да побара прошка за стореното зло.

Понекогаш блудот ѝ нанесува на невенчаната девојка сурово зло да роди дете надвор од брак. Кој може да ги процени срамот и тагата и доживотната одговорност за такво нешто, и кон девојката и кон нејзините родители? А сепак, човекот може да продолжи по својот пат безгрижно, за да го стори истото на друга девојка. Пред неколку години прочитав долг напис, објавен во едно американско списание на тема „Невенчаната мајка“. Голем дел од написот се состоеше од сведоштва на голем број такви девојки, честопати од добро семејство. Тоа беше срцепарателен текст. Една раскажа за тоа како била со еден млад човек една вечер, и неразумно го поканила во нејзиниот стан на чаша кафе, доцна истата ноќ. Таму тој ја убедил да попушти пред неговите барања. Остатокот од ноќта го поминала горчливо липајќи на стол, додека тој задоволно легнал да спие. Не можев, а да не ја визуелизирам тагата и страдањето што ги предизвикал младиот човек не само на таа кутра девојка туку и на угледното семејство од коешто таа дошла, тага што ќе трае низ годините. Се најдов себеси како неспособен да го примам сето тоа. Слушнав како глупави жени во селата ги нарекуваат ваквите бебиња „бебиња од љубов“. Нивното вистинско име е „бебиња од страст“. Вистинската љубов, осветена од Бог, не произведува несреќа што секогаш ја прави страста. Дури и принудувањето од родителите, девојка во оваа ситуација да се омажи, не секогаш ја поправа штетата. Ваквите бракови често не излегуваат среќни и честопати желбата на

родителите е повеќе желба да се поштедат од срамот, отколку од грижа за доброто на двајцата вклучени. Вистинскиот одговор е стариот, да се покаат и да дојдат на крстот на Господ Исус како грешници, како што мора да стори секој човек кој сака да се спаси. Тогаш влегува благодатта и љубовта на Бог кон таквите грешници, гревот е простен, мирот со Бог е обновен, сведочењето за Неговата благодат е на нивните усни, ако се подготвени, да го сторат она што Тој покажува. Тој може да ја надмине и обнови целата ситуација на таков начин што ќе си донесе слава на самиот Себе и благодарни пофалби од срцата на луѓето. Знам случаи кога благодатта Божја го сторила тоа и не оставила ништо друго освен пофални песни – „Нему, Кој нѐ љуби и Кој нѐ изми од нашите гревови во Својата крв, и нѐ направи цареви и свештеници на Бога, и на Својот Татко“.[1]

Оваа милост може да допре и до други на кои им е извршена сериозна неправда во вакви ситуации – дете кое расте и минува низ живот без законски татко, понекогаш дури и не знаејќи кој е тој, и цело време носејќи ја стигмата на изразот „нелегитимен“. Деликатноста на човечкото прикривање е таква што ова може да има чудни, па дури и попречувачки психолошки ефекти врз оној кој е резултат на оваа недозволена унија, не само во младоста туку и низ животот. Познавам такви кои имале потешкотии во склучувањето вистински брак заради психолошките ефекти на сомнежите за нивното родителство. Ова е уште еден од заборавените фактори. Во сите покајанија на мажот и жената, нека бидат сигурни дека ќе се покаат длабоко пред Бог за злото, сторено на тој невин син или ќерка.

Се разбира, таму каде што детето е среќно посвоено, овие ефекти значително се намалуваат. Но, денес, кога општеството е поподготвено да ја прифати невенчаната мајка, има сѐ помалку бебиња кои се нудат на посвојување, бидејќи сѐ поголем број

[1] От. 1:5–6.

девојки одлучуваат да ги задржат своите бебиња. Но, порано или подоцна, срамот и лишувањето од сето тоа сигурно ќе ги достигне детето и адолесцентот, со сета загуба и незадоволство што толку често се јавува.

Ова не се кажува за да се додаде самообвинување на одговорниот туку обратно. Зашто, кога гревот со сите свои ефекти ќе се донесе во длабока исповед пред Крстот на Господ Исус, Божјата благодат не само што ја брише вината за тоа, туку се протега дури и на оној кому му е нанесено злото. „Нема ништо премногу тешко за Исус, нема што Тој не може да стори“, каде што одговорниот ќе се најде пред Неговите нозе во покајание. Знае како да работи во животот на другиот, лекувајќи ги раните и правејќи ги сите работи нови за таа личност. Тој може да го донесе таквиот да го прими Христос за свој личен Спасител; тогаш нема повеќе сомнежи за неговото родителство, ниту чувство на загуба. Тој го има Бог за свој Татко и е заеднички наследник со Христос и славно се кршат последиците од неговото потекло.

Петто

# ЗАБОРАВЕНИОТ ФАКТОР НА ПОВЕЌЕКРАТНИ ИЗМАМИ

Ја запревме приказната за Давид во моментот кога тој изврши прељуба со Витсавеја без никој да знае, освен тој и Бог. Го очекувавме доаѓањето на Натан и го слушнавме како го искажува факторот на гревот што Давид го заборави, но за којшто Бог беше најзагрижен, актот на грабање на сопругата на еден од неговите потчинети војници.

Сепак, има уште многу да се следи во приказната. Беше страшно да се поштеди своето стадо и да се земе единственото јагне на сиромавиот, но она што следеше беше уште пострашно. Се разбира, се осврнувам на виртуелното убиство на Урија, сопругот на Витсавеја.

Заедничкото разбирање на оние кои имаат само површно познавање на Писмото е дека Давид го тргна сопругот за да ја поседува неговата сопруга, и дека го сторил тоа од љубов и желба за Витсавеја. Со поблиско читање на сторијата, станува јасно дека делото на Давид било далеку полошо од ова. Тој не постапил од љубов кон никого освен кон себеси. Приказната нема дури ни слаба одлика на страсна желба, Витсавеја да биде негова сопруга.

Фактите се овие. Давид ќе беше прилично задоволен да ја напушти ситуацијата во којашто се наоѓаше, уживање еден таен момент на задоволство со Витсавеја, да не го известеше дека забременила. Уриј со месеци не бил дома поради војните, и ако Витсавеја роди дете, тајната ќе излезе, а кралот Давид ќе биде откриен. Ситуацијата беше уште посериозна со тоа што Мојсеевиот закон најсериозно се однесуваше кон прељубата, пропишувајќи смртна казна, иако е неизвесно дали таа се спроведуваше. Со цел да ги покрие трагите, Давид го повика Урија да се врати под изговор да го информира за напредокот на воените операции. Откако доби информации, Давид му порача да си оди дома и да ја помине ноќта со својата сопруга. Да се случеше тоа, ќе се сметаше дека детето е на Урија, токму она што Давид го сакаше. Но, Урија беше толку посветен војник, што тој претпочита да спие на вратата од куќата на кралот со другите чувари. Како одговор на прашањето на Давид следното утро зошто не отишол во својот дом, тој одговорил: „Ковчегот Божји, Израел и Јуда се под шаторите, а господарот мој Јоав и слугите на господарот мој престојуваат во полето, а јас да влезам во куќата своја да јадам, да пијам и да лежам со жената своја! Се колнам во животот на твојата душа, тоа нема да го направам“.[1]

Неуспешен во обидот да го скрие она што го направи, Давид се обиде повторно следната вечер, го натера да вечера заедно со него и да го опие, бидејќи беше сигурен дека тогаш ќе ја посака својата сопруга. Но, повторно Урија претпочита да спие лојално со другите војници. Давид очајно сака да го сокрие својот грев, и сега се чини дека само една работа може да се направи, да му наложи на неговиот генерал да го стави Урија во најопасниот дел од битката каде што е скоро сигурно дека ќе го загуби животот. Така Давид може да ја земе Витсавеја за своја сопруга и детето може да се роди во брак без никој да помисли дека имало неправилни односи пред бракот. И така,

[1] 2 Сам. 11:11.

имаме слика на лојален војник кој носи своја смртна казна во запечатено писмо. Тој веќе ја докажа својата верност и Давид знаеше дека може да му верува дека нема да го отвори. Во секој случај, тој можеби беше неписмен и не можеше да го прочита, ако се осмелеше да го отвори. Сè се случи според планот, Урија беше меѓу првите што паднаа во следниот напад.

Она што го сторил Давид не го сторил од некоја посебна љубов кон Витсавеја. Таа беше инструмент за задоволство од еден момент и тоа беше сè што таа беше за него. Она што го стори беше од грижа за сопственото бедно јас и неговата репутација. За да се спаси од срамот, бил подготвен да убие уште еден човек. Тој понуди невин човек на олтарот на неговата сопствена репутација. Во светло на сите овие морални аспекти во приказната, дали имало некое поцинично и пострашно дело? Но, колку што ни е јасно додека ја читаме приказната, на Давид сè уште не му беше јасно. Толку рационализираше сè, што беше прилично слеп за фактот дека тој практично е убиец. Знаеше дека има одредени грешки што ги сторил, дека бил безобразен и совладан од неговите сексуални импулси, но не видел убиство. Неговото рационализирање на овој аспект на неговото однесување излегува во неговиот коментар, кога веста за смртта на Урија му ја пренел неговиот генерал Јоав: „Да не те буни таа работа, зашто ножот истребува некогаш еден, некогаш друг“.[2] Требаше пророкот Натан да му го донесе овој заборавен фактор, и тоа беше шок за Давид кога го виде тоа. Натан рече: „Зошто го презре зборот на Господ, извршувајќи зло пред очите Негови? Урија Хитиецот го нападна со меч, жената негова ја зеде за своја жена, а него го уби со мечот на Амонците“.[3]

Тука дојдовме до уште еден заборавен фактор, којшто скоро секогаш е присутен во сексуалното лошо однесување, повеќекратни измами кон коишто едно лице треба да прибегне

---

[2] 2 Сам. 11:25.

[3] 2 Сам. 12:9.

за да го скрие она што го направил или сѐ уште го прави. Тоа е она што Библијата го нарекува „додавање грев врз грев“.[4] На гревот на вистинското сексуално однесување и лабаво живеење треба да му се додаде и гревот на лагата, измамата, давањето лажни впечатоци, играњето игра, измами, сѐ за да се скрие тоа што се случило или што сѐ уште трае. Во секоја ситуација на сексуално лошо однесување што сме ја чуле, секогаш можеме да претпоставиме дека има вткаено огромна мрежа на лаги и измами пред тие да излезат целосно во светлината. Работата можеби не е до толку како кај Давид (можеби и ако имавме да изгубиме колку што има еден крал, немаше да постапиме подобро); но лагите изречени на родителите, измамите што ги практикувале сопругата или сопругот, пред Божји очи се виновни за она што го сторил Давид. Може ли да прашам, дали во целото наше покајание се покајавме и за тоа? И ако Бог ни покаже, дали сме подготвени да го исправиме тоа?

Денес, кажувањето невистини за да се поштедиме себеси и да се спасиме од неволја не се смета за погрешно. Со Бог не е така. Библијата ја дава најосновната изјава за Бог кога вели: „Бог е светлина, и во Него нема никаква темнина“.[5] Во Новиот Завет, зборовите „светлина“ и „темнина“ не се само нејасни синоними за доброто и злото. Светлината едноставно значи тоа што открива, додека темнината значи она што се крие. Ова ќе им даде ново значење на многу познати пасуси. Оваа декларација значи дека Бог е Оној Кој сѐ открива; дека цело време Тој покажува сѐ за да биде само тоа што е, нашите мотиви и мисли, како и нашите постапки; и дека од Него ништо не може да се скрие. Вистината мора да биде основа на нашиот пристап кон Него. „Ти ја сакаш вистината во срцето, и внатре во мене“.[6] Но, колку и да е ова туѓо за нас, ние

---

4 Ис. 30:1.

5 1 Јн. 1:5.

6 Пс. 51:6.

сме природни суштества на темнината. Наместо да излеземе на виделина, нашата природна реакција е да избегаме од неа, затоа што имаме работи што треба да ги скриеме за себе; „Зашто секој кој прави зло, ја мрази светлината и не оди кон светлината, за да не бидат разоткриени неговите дела“.[7] Понекогаш, кога некој ќе подигне голем камен, ќе види многу мали суштества, сите очајно се мачат да најдат дупки и пукнатини. Тие се суштества на темнината, живеат во темнина, и кога светлината ќе светне и ќе ги покаже сите, единствена желба е повторно да влезат во темнина. Така се и синовите на човекот, без оглед дали се нивни сексуални гревови или на друг начин.

Текстот што ни кажува дека Бог е светлина и во Него воопшто нема темнина, продолжува да дава ветувања за прекрасна благодат, само ако сме подготвени „во светлина да одиме, како што е Тој самиот во светлина“[8] – што секако е обратна страна на криењето на гревот. Прво, ветено ни е „заедништво еден со друг“. Тоа значи дека Бог секогаш може да има заедништво со човекот кој е целосно искрен кон себе и својот грев, без оглед колку е тежок неговиот грев. Искреноста за нашата несветост е основниот услов во нашиот однос со Бог. Всушност искреноста за нашата несветост е првиот чекор кон светоста. Сите знаеме дека кога еден човек ќе рече: „Јас бев ужасно себичен поради ова и она“, тоа е првиот чекор за излегување од таа себичност. Едноставната вистина е дека Бог може да стори сè за човек кој нема да се крие туку ќе биде искрен со Него. Понатаму, зборовите „еден со друг“ исто така нудат можност за заедништво со други луѓе, бидејќи тие не можат да имаат вистинско заедништво со човек кој носи маска. Тоа е навистина добивка, бидејќи се чувствуваме затворени од другите луѓе, сè додека не почнеме да бидеме искрени.

---

7 Јн. 3:20.

8 1 Јн. 1:7.

Но, на таков човек е ветено повеќе од заедничко дружење. Во стихот се вели: „и крвта на Исус Христос, Неговиот Син, нè чисти од секој грев“. Човекот кој дошол кај Бог со вистинско покајание и искреност за својот грев, ги измил срцето и совеста побели од снегот, и тоа преку ништо друго освен крвта на Исус Христос. Таа скапоцена крв зборува за носење на осудата што Господ Исус Христос ја однесе на крстот на Голгота. И Бог се прогласи за задоволен од она што Неговиот Син го направи за гревовите на светот на најубедлив можен начин, со тоа што Го воскресна од мртвите.

Ако Исус не го платеше долгот,<br>
Тој немаше да биде на слобода.

А, со чистењето со Неговата крв оди и целата друга помош и обновување, дури и за нашите ситуации, коишто Божјата благодат ги има за нас, но повеќе од тоа во следните глави.

Еве, тука е уште еден од заборавените фактори, повеќекратни измами што секогаш ги носи гревот. Можеме да најдеме слатки побуди да се покаеме во исцелителните ветувања на благодатта Божја, дури и за овие нешта.

Шест

# ЗАБОРАВЕНИ ФАКТОРИ ВО ХОМОСЕКСУАЛНОСТА

Треба да се соочиме со прашањето за хомосексуалноста, т.е. сексуалните односи меѓу лица од ист пол, мажи со мажи или жени со жени и да се запрашаме дали има тука заборавени фактори, т.е. дали има аспекти на коишто им треба покајание пред Бог, а коишто обично не се сметаат за потребни?

Нормалните хетеросексуални луѓе имаат природна одбивност кон мислата за хомосексуална практика и попрво не би размислувале за тоа. Но, тоа е сѐ поголемо зло што се шири низ нашето општество и се плашам дека сѐ поголем број луѓе се во опасност да бидат вовлечени. Некои од оние на кои можеби ќе сакаме да им помогнеме, може да бидат меѓу тие бројки и затоа мора да се соочиме со нив. Бидете сигурни дека благодатта на нашиот милостив Бог има совршено адекватен одговор на оваа потреба, и тој не наоѓа повеќе тешкотии со ова лошо однесување отколку со другите што ги споменавме. Можеме самоуверено да тврдиме дека има голема надеж за хомосексуалецот во Господ Исус.

Мора да започнеме со фактот дека денес овие активности престанаа да се сметаат за грешни од мнозина. Тие сметаат дека таквите работи се неприродни и можеби ненормални, но секако не се гревови, односно постапки што се морално неодбранливи. Го изгубија од вид фактот дека светиот Бог крајно ги осудува ваквите постапки. Тоа е заборавениот фактор. И, хомосексуалецот кој бара помош мора да започне тука или тој воопшто не започнува.

Промената во ставот на јавноста се случи на овој начин: прво, нашите законодавци одлучија да ја отстранат практиката на хомосексуалноста како кривично дело од законите, иако сè уште има клаузули со коишто се спречува корумпирање на оние под одредена возраст. Јавноста со која се постигна ова, даде впечаток дека сега е општествено прифатливо. Од таму е само краток чекор за да се стекне впечаток дека не треба да се смета дури и за грешно, дека Семоќниот Бог гледа попустливо во поглед на ова. Овој поглед може да започне да се провлекува во размислувањето дури и на христијаните.

Мора да се признае дека постои разлика помеѓу криминалот и гревот. Криминалот е престапување на законите на државата; гревот е престапување на законите на Бог. Државата не се стреми да управува и да ги ограничува сите постапки на луѓето, само оние што можат да се покажат штетни за другите, односно за општеството. Законите на државата ги оставаат луѓето слободни да прават што сакаат со својот живот. Не е така со законите на Бог; луѓето се одговорни пред Него за секој дел од нивниот живот, нивните мисли и мотиви, како и нивните постапки. Нештата се забранети, секако бидејќи нанесуваат зло на другите, исто како што државата им забранува; но законите Божји овде одат подлабоко отколку законите на државата и опфаќаат поширока област. Но, постои цела низа работи што законите на Бог ги нарекуваат престап, коишто немаат никаква врска со штетата што може да им ја направат на другите. Тие не се во право само затоа што Бог е Бог и Тој вели дека тие не се во право. Без сомнение, постојат причини зошто тој вели така, и Тој знае дека животот најдобро им одговара на луѓето кога тие се покоруваат на неговите закони. Но, ние не смееме да ја правиме нашата послушност кон Неговите закони во зависност од тоа да разбереме како се корисни. Мора да се покоруваме затоа што Бог е последниот морален арбитер и затоа што Тој го прави тоа што го зборува.

Беше одлучено да се измени законот на државата, и хомосексуалните типови практика веќе да не се казниви, затоа што тоа е приватна работа на поединецот, дека не му нанесува штета на општеството, а со тоа е надвор од контролата на државата. Покрај тоа, се тврди дека законот мора да биде сочувствителен кон луѓето вклучени во ова. Но, прашање е дали оваа активност не му штети на општеството. Хомосексуалните склоности не се само вродени, односно се дел од оригиналната настраност на луѓето, за којашто не може ништо да стори; но тие почесто се стекнуваат со тоа што некој ги запознава со ваквите типови практика од други. Типовите практика во коишто е тој воведен, предизвикуваат изопачување и извртување на сите негови сексуални инстинкти, трчање во неприродна насока, со резултат што може да го направи неспособен за радостите на среќен брачен живот и деца. И ова може да се прошири како зло низ нашите заедници, како што се случи преку Содом и Гомора. Може ли да се каже дека сите луѓе во тие градови беа вродени случаи, родени на тој начин и дека никој не беше одговорен? – Тешко; нивната хомосексуалност беше несомнено стекната преку типовите практика што се воведоа еден од друг, сѐ додека не се појави речиси универзална зависност. Да им беше дозволено на работите да продолжат на тој начин, населението ќе се намалеше, па дури и ќе изумреше поради немањето воспоставени нормални семејства. Ако тоа не му нанесе штета на општеството, тогаш што? Точно, законот во нашата земја има одредби насочени кон заштита на лицата под одредена возраст; но не само оние под одредена возраст можат да бидат изопачени.

Нека биде, нашето општество не треба да биде заштитено од оваа работа, а практиката на хомосексуални дела веќе не е кривично дело. Но, сепак е грев – законите Божји никогаш не биле либерализирани. И првото нешто што хомосексуалецот, зафатен со овој проблем мора да го стори, ако сака Божја помош

е да се согласи со Него и да го нарече грев. Овој совет можеби се чини дека нема сочувство и е во спротивност со она што некоја модерна психијатрија би му го кажала на човекот. Но, библискиот начин мошне често е во спротивност со модерната мисла и кога го охрабруваме човекот да го нарече таквото нешто грев, не за да го мачиме со продлабочено чувство на вина, туку да му помогнеме да го направи првиот чекор кон избавување. Зашто, ако хомосексуалноста не е грев туку едноставно несреќна особина во неговиот идентитет, тој е заглавен со него за цел живот; не може да се стори ништо повеќе за тоа, освен да се научи да се живее со тоа. Навистина, еден психијатар ми рече: „Ние не тврдиме дека лечиме хомосексуалец, туку само претвораме мизерен хомосексуалец во среќен“. Заборавете ја таа мисла! Но, ако некој човек е подготвен да го нарече гревот грев, тогаш за него има секаква надеж во светот; за него има Спасител чијашто крв чисти од грев; и тој ќе открие дека признавањето на гревот е најдобрата квалификација за да се сретне со Спасителот. Тој ќе открие дека искупувањето на Христос е направено по мерка на таков човек, како што и неговата моќ е достапна да го ослободи од сè што е подготвен да го нарече грев.

Во светло на јасните изјави на Библијата, тука не смее да има рационализирање за грешноста на хомосексуалноста. Библијата е нашиот единствен учебник со Божјиот ум во врска со ова прашање, и тоа е сосема јасно. Пред сè, постои случајот со градовите Содом и Гомора и нивното целосно уништување од Бог заради распространетоста на овој грев. Потоа, тука е пасусот во Римјаните 1, којшто зборува за „Зашто гневот Божји се открива од небото против секоја безбожност и неправда на луѓето“.[1] Продолжува да ни раскажува некои работи што го привлекуваат тој гнев; „жените нивните природни потреби ги заменија со противприродни. И мажите исто така, напуштајќи го природното општење со женскиот пол, се распалија со

[1] Рим. 1:18.

желби еден кон друг, и вршеа срамни работи мажи со мажи, добивајќи ја заслужената отплата за својата изопаченост".[2] Потоа, тука е текстот во Коринќаните, на којшто веќе е направена алузија. „Мажеложниците... нема да го наследат царството Божјо".[3] Други преводи даваат два збора, тоа го прави значењето на Павле прилично јасно за современиот ум, и тој вели дека таквите нема да го наследат Божјото царство. На друго место, тој рече: „Поради тие пороци доаѓа гневот Божји врз синовите на непослушноста".[4] Значи, првото нешто што мора да го направи практикувачкиот хомосексуалец, кој копнее да биде ослободен е да признае дека играјќи со овие работи, тој си игра со една од работите што го носат гневот Божји врз светот на неверниците.

Токму во овој момент мора да бидеме внимателни за да разбереме што претставува гревот за којшто треба да се покаеме по прашањето за хомосексуалноста, во спротивно ќе се најдеме себеси и оние на кои сакаме да им помогнеме во ропство. Хомосексуалните склоности на една личност се негова суровина. Повеќето луѓе имаат нормална суровина, но со други е изопачена суровината. Перверзната суровина сама по себе не е повеќе грешна од нормалната; важно е што прави некој со тоа. Човек може или да се препушти на неговата суровина, спротивно на Божјата волја, или да се одрече од својата суровина. Тоа значи дека блудот и хомосексуалниот чин се подеднакво грев. И едното и другото претставуваат уживање во себе, спротивно на Божјата волја, а единствената разлика е во тоа што суровината со којашто започнува секој е различна. Ако човек со хомосексуални склоности се препушти на тие изопачени желби, без разлика дали тоа уживање е само во фантазија или во дело со друг, тоа е грев. Меѓутоа,

---

2 Рим. 1:26–27.

3 1 Кор. 6:9–10.

4 Кол. 3:6.

ако некој човек спокојно пред Бог се негира себеси во таа суровина, се кае за првичниот одговор на неговото срце и во неговата потреба гледа кон Исус, тоа е првиот чекор кон светоста. Колку убава мисла – светост за хомосексуалец! И тоа е понудената можност во Исус Христос, како што ќе видиме во оваа и во следните глави.

Нека луѓето не се чувствуваат осудени само затоа што ја имаат оваа изопачена суровина, важно е она што прават со неа. Оваа тенденција може да биде вродена работа, бидејќи е со него уште од најраните години, и затоа тешко може да се обвини за тоа. Од друга страна, тоа може да биде стекнато нешто, преку негово погрешно однесување. Во тој случај, тој мора да се смири, да го признае тоа зло пред Бог за да му биде простено и да биде исчистен од вината во целост, иако суровината сепак е со него. Тогаш тој е во иста позиција како и другиот човек, и двајцата со суровини за коишто не треба да очајуваат или да се осудуваат самите себеси. И на едните и на другите сега им е дадена можност да Му се исповедаат на Бог таму каде што не се одрекоа од себе, туку се препуштија на таа суровина, и дојдоа кај Исусовиот крст со вера во неговото ветување дека им го простува нивниот грев и ги чисти од секоја неправедност.[5] Ова ќе значи јасен и чист прекин на какви било погрешни односи со другите и бегство од ситуации на посебно искушение. Под неговите нозе, тие не треба да бараат само Негова помош за какви било понатамошни искушенија што нивната суровина може да ги испрати до нивната свест, туку да Му ја препуштат целата битка – навистина, целиот свој живот. Има разлика во тоа само да Го замолиме Исус да ни помогне и во тоа Тој целосно да ја преземе. Додека тие се приближуваат до Неговиот Крст, покајувајќи се во секое време од првите погрешни движења на нивните срца и принесувајќи Му ги на Него, тие ќе се најдат ослободени од Господ; бидејќи крвта на

[5] 1 Јн. 1:9.

Исус продолжува да нè чисти кога постојано доаѓаме при Него со првите почетоци на гревот. Ги познавам оние на кои, на овој начин им беше прекрасно помогнато од Господ, и тие денес се во среќен брак со деца. Имало и други кои не се чувствувале во можност да стапат во брак, но сепак се победници.

Сето ова е мошне различно од начинот на којшто практикувачкиот хомосексуалец размислува. Бидејќи чувствува дека не може да има сексуален живот во нормални насоки, смета дека е негово неотуѓиво право да се препушти на овие изопачени насоки. Но, човек со нормални желби обично не размислува на тој начин. Тој или таа не можат да бидат во брак; тоа задоволство сè уште не може да му се даде – навистина никогаш нема да биде. Но, тој не смета дека ова му дава за право да биде промискуитетен со секоја привлечна личност од спротивниот пол, која ја среќава. Тој мора да ги негира своите природни пориви за да биде барем респектабилен член на општеството, а камоли христијанин.

Некој хомосексуалец може да праша: Дали значи дека никогаш нема да имам сексуално исполнување? Да, тоа може да значи токму тоа, освен ако Бог не ја смени вашата суровина. Многумина во секој случај морале да поминат низ животот без брачна заедница. Можеби немаше друг избор за него или можеби тој избра да остане сам, отколку да се ожени со оној кој не беше Божји избор за него. Сепак, таквите луѓе нашле вистинска исполнетост за своите животи, дури и без сексуално искуство, а Исус Христос им бил сè што им требало, повеќе од сопруг или сопруга. Затоа ви треба Господ Исус како свој Спасител, преземајќи го вашиот живот од вас и задоволувајќи го срцето, ако одите до мир и избавување. Никогаш нема да успеете поинаку. Но, ако тој е ваш, имате сè друго. Тој знае како да даде илјада перници и компензации за вашето предавање на своите желби; и ќе се отвори живот и служба за другите, што инаку не би било можно.

Понатаму може да се праша: не може ли Тој да ја смени оваа погрешна суровина во мене, така што веќе да ја немам оваа борба? Да, може. Тој го стори тоа за многумина, и тие денес уживаат во нормален живот. Но, тоа веројатно нема да се случи во вашиот случај, освен ако не дојдете на местото каде што ќе речете: „какви и да се моите желби, јас одам на Крстот, за да го одречам секој пат". Тогаш Тој е во состојба да стори нешто во врска со суровината, одеднаш или прогресивно. Ако неговата волја биде поинаква, продолжете да одите со Него во мир по патот на Крстот.

Мора да побрзам да додадам важна квалификација на она што е кажано овде за изопачената суровина, за да не помисли некој кој се препуштил на некаков хомосексуален чин, дека тоа укажува оти тој неопходно е хомосексуалец и засекогаш е врзан со изопачена суровина. Психијатрите и законодавците многу зборуваа на оваа тема, што таквата личност лесно може да се најде во очај како некој кој никогаш не може да склучи среќен брак и станува дел од осамената повлечена група луѓе, кои се борат со своите мрачни склоности или конечно им се препушта на нив. И цело време тоа може да биде далеку од вистината; тој или таа можеби воопшто не е вообичаен хомосексуалец. Секоја нормална хетеросексуална личност би можела да изврши хомосексуално дело ако тој или таа беше доволно пркосен на божествената заповед и доволно решен да има ново сексуално искуство.

Вистината е дека Бог не ја нарекува хомосексуалноста со друго 'фенси' име освен грев, и го повикува засегнатиот човек да го стори истото и да најде прекрасна врата на надеж за себе во тоа. Зашто, како што рековме, ако е грев, има лек во Христос, заедно со секој друг грев. Писмото не го става во посебна категорија на којашто е потребен посебен третман, туку едноставно го класифицира како грев заедно со сите други гревови. Навистина, самиот пасус во Римјаните, цитиран

претходно, којшто зборува за жени кои ја менуваат природната употреба во она што е против природата и мажите горат во својата страст едни со други, продолжува да ги опишува луѓето далеку од Бог како исполнети со: секаква неправедност, зло, лакомост, злоба, завист, убиства, расправии, измами и многу други работи. Многу работи се класифицирани како обичен, директен грев, хомосексуални акти меѓу нив и поставен пред Бог како таков; и ако има прошка и чистење во Господ Исус за лакомост, злоба, завист, убиство, расправија и измама, истото е и за оваа неприродна употреба на секс. Фала му на Бог, Господ Исус го предвиде и реши овој грев и за секој друг грев „на крстот во телото Свое“[6], и отворена е фонтана[7] за да се исчисти дамката од овој грев, како и од секој друг грев. Одговорот тогаш е да му го признаеш на Бог како грев и да веруваш во Неговата подготвеност и моќ да ти го прости гревот, да те очисти од неговото осквернување, да те ослободи од неговиот срам и да даде слатко заздравување, веднаш или постепено, за каква и да е перверзија во вашата суровина.

Факторите што ги споменавме во однос на другите форми на сексуално лошо однесување се однесуваат и на овој облик на тоа – повеќекратни измами, а особено злото направено врз другите. Практикувајќи ги овие работи, еден човек им ја пренел на другите истата перверзија. Ако тоа може да биде стекнато нешто, тогаш тој му помогнал на некој друг да го стекне, и го уништил туѓиот сексуален живот и лишил некого друг од можноста за среќен домашен живот. Дури и кога тоа се случува помеѓу двајца очигледно посветени хомосексуалци, сепак секој мора да ја преземе вината за злото направено врз другиот; бидејќи нема хомосексуалец кој не може да се преобрати, и секој го турка другиот малку подалеку по патот и го отежнува неговото опоравување.

---

6 1 Пет. 2:24.

7 Зах. 13:1; 1 Јн. 1:7.

Ова се понатамошните работи за коишто е потребно покајание пред Исусовите нозе, за да се знае целосното закрепнување на благодатта. Одвојте време за ова, гледајќи ја, точка по точка, грешноста на секој заборавен фактор и признавајте му го на Бог. Нема да се понизите долго пред Господ, пред да го најдете Неговиот мир којшто ви краде во срцето и ќе знаете дека ви е простено, дека сте обновени и направени цели. Потоа, ако ве испрати кај оние други со кои сте згрешиле, за да побарате и нивна прошка, тој може добро да го искористи и вашето сведоштво за нивно обновување и заздравување.

## Седум

# ОБЕСЧЕСТУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОТО ТЕЛО

Се двоумев да додадам глава за злото што човекот си го прави преку сексуално лошо однесување, бидејќи луѓето обично се премногу свесни за загубата што ја претрпеле и за несреќата што самите си ја донеле преку ваквите постапки, барем по настанот. Загубите што луѓето ги претрпуваат се должат на губење добра совест со нелагодност да имаат секогаш нешто да кријат, сè до најстрашните и најсложените ситуации кога мажот или жената ќе ја загубат целата своја среќа, се чини, засекогаш. Ваквите грешки што луѓето си ги прават себеси, тешко се заборавени фактори; и во секој случај, покајанието засновано само на тие размислувања би било поттикнато премногу од себични мотиви, и оттаму во голема мера би било неважно. Затоа, има малку потреба да се пишува за овој аспект.

Меѓутоа, постои одредено зло што човекот си го прави преку сексуално лошо однесување, коешто е заборавено и лесно може да се пребрегне кога човекот ќе дојде кај Бог за прошка и обновување. Тоа е она што можам да го наречам обесчестување што му го направи на своето тело.

Ние пред сè мора да го разбереме возвишениот став што Новиот завет го има кон нашето тело. Павле вели: „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе?“[1]

[1] 1 Кор. 6:19.

Кога некој ќе се покае за својот грев и ќе го прими Исус Христос како свој личен Спасител, неговото срце е исчистено со крвта Христова, и Светиот Дух влегува да живее во неговото тело, со цел да го насочи целиот нивен живот. Павле би сакал да видиме што е огромната работа дека самиот Свет Дух, Третото лице на Тројството, живее во нас. Според овој факт, нашите тела се Негов храм, и затоа се сметаат за свети и одделени за божествена употреба, како што беше и стариот храм во Ерусалим. Ова дури има врска и со оној кој сè уште не е верник. Неговото тело сè уште не е храм на Светиот Дух, но е потенцијално, бидејќи можноста да Го прими Христос како свој Спасител за него е секогаш отворена; згора на тоа, цената за неговиот откуп веќе е платена, а имотните листови на неговото тело му припаѓаат на Христос, дури и ако тој самиот сè уште не се одрекол од сопственоста.

Со оглед на ова, секоја злоупотреба на нашите тела е осквернување на Божјиот храм, за што следат најтешки казни. „Ако некој го разори Божјиот храм, него Бог ќе го разори; зашто Божјиот храм е свет, а тоа сте вие."[2] А, секое сексуално лошо однесување е токму тоа, осквернување на светиот Божји храм. Тоа е употреба на Неговиот храм за други цели, освен оние за коишто бил наменет. Телото што требало да се користи за обожавање на Бог, се користи повеќе за обожавање на ѓаволот. Какво страшно сквернавење! Какво обесчестување, направено на нашите тела! Вистинскиот модерен збор е злоупотреба на телото. Не е без значење дека попознатиот и постар израз за опишување на мастурбацијата е самозлоупотреба, и дека овој термин во голема мера е заменет со повеќе технички збор, веројатно затоа што луѓето не сакаат да се потсетуваат на вистинската природа на она што го прават. Кога некое лице се впушта во самостојно сексуално уживање, тоа се злоупотребува себеси, го користи своето тело за цел за којашто Бог и природата никогаш не сакале да се користат.

[2] 1 Кор. 3:17.

Павле на друго место ни дава уште повозвишен поглед на нашите тела. Тој сака да зборува за верникот, споен во Христос преку Светиот Дух што живее во него, како делови од едно тело. Христос е главата, ние сме неговите органи поврзани на Него, со ист живот од Него, кој преовладува во сите нас. Слушнете ја огромната метафора кога зборува за погрешна употреба на секс. „Зар не знаете дека телата ваши се делови од Христос? Ќе ги земам ли деловите од Христос и да ги направам делови на блудница? Тоа никако! Или пак, не знаете дека оној кој со блудница се соединува, станува едно тело со неа? Зашто е речено: ‘Обата ќе бидат едно тело’. А кој се соединува со Господ, еден дух е со Него“.[3] Кога еден човек влегува во стан на покана на таа сомнителна девојка или во „Куќата на лоша слава“, тој бордел, тој го зема своето скапоцено тело, оние членови кои се членови на Христос, и ги предава на најдеградирачките постапки од сите, правејќи ги дел од девојката без принципиелност и чест, целосна изопаченост на високите и свети цели што Бог ги планирал за нас.

Она што беше кажано за самозлоупотреба и проституција, подеднакво важи и за сите други форми на неморал, хомосексуалност и перверзија.

Слушнете го конечно, понатамошниот збор на Павле за ова, сумирајќи го сето тоа: „Бегајте од блудството! Секој грев што го прави човекот, е надвор од телото, а блудникот греши против своето тело.“[4] Има ли нешто појасно дека сексуалното лошо однесување е непочитување на телото, што е храм на Бог и орган на Христос? Блудникот греши против сопственото тело.

Во целото наше покајание, да се покаеме за ова и да му признаеме на Бог дека сме ги обесчестиле своите тела. И за наше охрабрување, да се потсетиме на евангелскиот запис и да се потсетиме дека таква е благодатта на Господ Исус, што никој не доби толку подготвено прошка како оние кои се покајаа за

---

3 1 Кор. 6:15–17.

4 1 Кор. 6:18.

неморалот. Жената фатена во прељуба во Јован 8 глава го слушна како му рече: „Ни Јас не те осудувам. Оди си и немој повеќе да грешиш!“,[5] додека лицемерните фарисеи кои се обидоа да ја обвинат пред Него, останаа во темнината на сопствениот грев.

За наше понатамошно охрабрување, дозволете ми да истакнам дека многу од светите христијани во црквата во Коринт беа преобратени од овие типови практика. Павле сигурно грми: „Не се лажеш; ниту неморалните, ниту идолопоклониците, ниту прељубниците, ниту хомосексуалците, ниту крадците, ниту алчните, ниту пијаниците, ниту навредувачите, ниту разбојниците нема да го наследат Божјото царство“. Но, откако го рече сето ова, тој радосно додава: „А такви беа и некои од вас; НО (какво славно „но!“) се измивте, се осветивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог“.[6] Црквата во Коринт била црква на преобратени и ослободени блудници, прељубници, хомосексуалци, крадци и пијаници. И зошто да не? Тоа е она што црквата треба да биде – еден куп грешници, спасени со благодатта Божја!

Еден млад човек во голема неволја, дојде кај мене по состанокот во еден американски христијански колеџ. „Она што ме вознемирува е овој стих“, рече тој и ги посочи овие зборови во превод од Библијата, кој вели: „ниту хомосексуалците... ќе го наследат царството Божјо“.[7]„Тоа сум јас“, рече тој. „Тогаш не можам да влезам во царството Божјо“.

„Но, не смеете да застанете тука“, реков, „погледнете го следниот стих: И такви беа некои од вас. Но, вие бевте измиени ‘осветени... оправдани’. Покајте се длабоко во подножјето на крстот каде што Исус ќе го стори сето ова за вас и вие сте дел од истата група луѓе – моќни грешници, спасени со посилна благодат“.

---

[5] Јн. 8:11.

[6] 1 Кор. 6:11.

[7] 1 Кор. 6:9–10.

## Осум

# ТЕШКОТО ЗЛО НАПРАВЕНО КОН БОГ

Сега доаѓаме до најосновното од сите зла во сексуалното лошо однесување, но она што е најзаборавено – злото што му е направено на Бог. Ова беше аспектот на гревот што Давид го исповеда на крај, бидејќи во неговиот голем псалм на покајание за ова, тој рече: „Против Тебе, само против Тебе згрешив и пред Тебе зло извршив“.[1] Сепак, тоа беше нешто што Давид никогаш не го видел, сè до оној ден кога Натан не дојде кај него.

По детално изложената долга тажна приказна, на крајот од главата доаѓа оваа едноставна обременета реченица: „Но делото што го изврши Давид, беше зло пред очите на Господ“.[2] Човек со чувство на олеснување чита дека има конечен морален арбитер кој се грижи за неправдите што се вршат врз невините. Но, какво е ова зло пред Господ? Дали е тоа само незадоволство на законодавец чии закони не се земени предвид? Или може некако Бог да се смета себеси дека претрпел зло врз себе лично со оваа работа? Верувам дека беше второто, иако Давид беше прилично слеп за тоа сè додека не му се отворија очите од пораката на Натан.

Ова беа зборовите со коишто се откри злоделото, направено кон Бог: „Така зборува Господ, Бог Израелов: ‘Јас те помазав за цар над Израел, те спасив од рацете Саулови, ти го дадов

[1] Пс. 51:4.
[2] 2 Сам. 11:27.

домот на твојот господар и жените на господарот твој во твоја прегратка, ти го дадов домот Израелов и Јудин и, ако ти е тоа малку, би ти придал уште повеќе; а ти зошто го презре зборот на Господ, извршувајќи зло пред очите Негови? Урија Хитиецот го нападна со меч, жената негова ја зеде за своја жена'."[3] Каква претстава на Божјата добрина е рецитирана пред Давид! Никој не знаеше подобро од Давид колку е добар Бог кон него. Зборовите на Натан го потсетија дека, додека беше едно незначајно овчарче, најмладиот во неговото семејство, беше избран по Божјата благодат да биде следниот Божји цар на Израел и беше помазан во присуство на своето семејство од Самуил. Овие зборови го потсетија Давид на горчливата љубомора и омраза што со години ги трпеше од владетелот Саул; за тоа како во неколку наврати бил на работ на смртта од неговите раце и за тоа како Бог повторно го спасувал. Тој се потсети на тоа како најнапред беше прогонуван, а потоа прво Јуда се сврте кон него како свој крал, а подоцна и целиот дом на Израел и без тој да треба да крене прст за да го постигне тоа, му дојде како подарок на Бога. Тој беше посочен кон целото богатство што Бог му го дал, па дури и кон сите соодветни средства за неговото сексуално задоволство што му беа дадени. Потоа, му е кажано дека (и сиротиот Давид пропаѓа сè подлабоко, според овој рецитал), и покрај сета оваа великодушност, тој сметал дека ова не е доволно, во срцето на Бог било да му даде уште повеќе. Никој не бил третиран подарежливо од Бог од Давид, и тој го знаел тоа.

Тогаш се појавија прашањата што му го пресекоа срцето: „Зошто тогаш ја презре заповедта Господова?" Со други зборови, се чинеше како Тој да кажа: „Кога толку многу ти дадоа, зошто мораше да грабнеш еден мал плод што ти беше забранет – жена на друг маж – како да ти се лутам, како да не сум спремен да ти дадам уште повеќе, како да не знаев

[3] 2 Сам. 12:7–9.

што е најдобро направено за твојата среќа, како да не те сакам навистина?“ Се чини дека има лелек во тие зборови, бидејќи во нив стоеја сите длабоки повреди што ги претрпе Бог преку гревот на Давид. Тоа го докрајчи Давид. Немаше обид за криење, изговори или самооправдување. Во тој момент, тој се скрши пред Бог и со една кратка реченица ги изговори најважните зборови што секој човек може да ги изговори: „згрешив против Господ“.[4] И кога потоа како обновен човек го напиша своето сведоштво во псалмот што беше спомнат, токму овој аспект од неговиот грев и на Божјото простување за него го исполни неговото срце и ум.

Мошне често го има овој елемент во сексуалното однесување на човекот, само ако има очи да го види. Сексуалните престапи на мажите и жените не биле секогаш извршени затоа што нешто им недостасувало. Нивниот грев мошне често е сторен во позадината на добрината и дарежливоста на Бог кон нив. Колку е добар Бог со луѓето! На тој млад самохран маж или жена им било дадено толку многу – добри родители, среќен дом, соодветен просперитет, светли изгледи и кој знае какво добро нешто планирал Бог за нив во иднина, зашто Неговата добрина се протега на сите Негови суштества, без оглед дали го признаваат или не. Немаше потреба тој млад човек или жена да го скинат незрелиот плод. Требаше само да го чекаат Божјото време, и Тој ќе им дадеше сè што беше во Неговата волја за нив: сакана партнерка за живот, сопствен дом, среќно семејство и секакво задоволување на нивните сексуални желби, што беше исправно – и сето тоа без горчина или тајна вина. Но не, тој или таа мораше да го грабне забранетиот плод, и да го разжалости Бог, како никогаш да не им го дал она по што копнеат, освен ако набрзина не зграпчат по некоја ситна прилика. И со тоа, Му е направено големо зло на Бог. А, она што е вистина за немажените, уште повеќе важи за оженетите.

[4] 2 Сам. 12:13.

Толку многу им дал добриот Бог: сопруг или жена, деца, смеа, дом. Никој не помислуваше дека тој дом ќе се распадне, но тоа се случи. Без оглед на причината, тоа не било затоа што Бог не бил добар со нив, не затоа што не бил подготвен да биде уште подобар со нив. Но, алчноста на човекот и неговата недоверба во добрината на Бог, го натераа да грабне од забранетото овошје – и никој не е повеќе повреден од Бог во овој процес.

Методот што го користеше сатаната за да ги натера нашите прародители да го направат првиот грев беше токму во таа насока. Тој рече: „Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?“[5] Со овие зборови тој ги тргна погледите од многуте дрвја од коишто можеа да јадат – какво изобилство – и се обиде да ги фокусира на едно дрво од коешто не можеа да јадат. И тој продолжи да го прави тоа (и не се сомневам дека ова искушение беше нешто упорно и континуирано во текот на еден долг период), сè додека конечно не почувствуваа дека се маченици, без никаква слобода, блокирани од секоја страна и сето тоа само поради едно дрво чијшто плод не смееја да го јадат. Метју Хенри, во својот коментар го изјави ова: „Ѓаволот искористувајќи го исклучокот, се обиде да ја поништи отстапката. Божјиот закон не може да се прекори освен ако не биде погрешно претставен“.

Зарем тоа не е методот на сатаната кон сите нас? Тој ги трга очите од многуте добри работи што Бог ни ги дава, и ги насочува погледите кон работите што ни се забранети – убавото лице во кое не треба да се загледуваме, некој со кого ни е забрането да се занесуваме со сексуални мисли, оние кои не треба да ги искористуваме... И така, тој ги насочува погледите кон забранетото, и зрели сме за бунт против моралните закони, што се чини дека нè притискаат од секоја страна – заборавајќи на многу други дрвја, нивната широка распространетост, што Бог ни ги подари.

5 Бт. 3:1.

Сатаната сепак, отиде подалеку. Откако сугерираше дека забраната е неразумна и ограничувачка, тој потоа продолжи да го злоупотребува Оној кој го направи тоа, Самиот Бог. Тој посочи дека има скриени мотиви во тоа што им го забранил ова дрво. Користејќи го името на дрвото, Дрвото на познавањето на доброто и злото, тој рече: „Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло“.[6] Со други зборови, тој рече: „Причината зошто Бог ви забранува да јадете од тоа дрво е затоа што Тој не сака да знаете премногу, не сака да бидете богови како Него, сака да ве држи долу, тој не е подготвен за твоето најдобро; па подобро да ги земеш работите во свои раце“. Денес, тој ја игра истата улога на комунистички агитатор, но во една повисока и поопасна сфера. И тоа траеше сè додека срцето на Ева не се стврдна кон Бог и почувствува дека треба само да се одбрани кога го направи предложеното. Колку е модерна Библијата! Зарем ова не е приказната зад толку многу падови, на повиците за грев што толку често влегувале во умот? Девојче на кое му е ускратено сексуално искуство, чувствува дека никогаш нема пак да има такво ако не ја прифати можноста што ја дава овој човек кој ја поттикнува. На крајот на краиштата, животот беше тежок за неа. Бог не ѝ го дал тоа што им го дал на другите; Изгледа ја заборавил; подобро беше да ги преземе работите во свои раце. И истото важи и за секоја друга класа на лица, хомосексуалец, како и хетеросексуалец, секоја во својата различна категорија.

И најголемиот губитник во сето тоа е Бог, Оној чиешто срце беше толку различно кон нив од она што го мислеа, Оној кој планираше подобро, повисоко од што замислуваа тие, но чиишто цели на љубов ги расипаа. Колку човек мора да биде повреден кога ќе се врати од службено патување во странство, ќе открие дека некој ги труел умовите на неговата

6 Бт. 3:5.

сопруга и децата против него, и дека сега, наместо да трчаат да го пречекаат, тие бегаат од него и навистина земаат стапови против него, со сигурност дека ако тие не го удрат први, тој ќе ги удри нив. Всушност, не треба да измислувам илустрации. Еднаш останав во еден дом каде што двете деца беа опседнати од страв дека нивните родители нема да ги хранат како што треба. Тоа беше толку силно што сигурно беше некоја необична психолошка состојба. Пред секое јадење, имаше голема вознемиреност дали ќе има подготвена храна за нив, и тие секогаш одеа во кујната за да се осигураат дека мајката ја подготвува вечерата. И покрај тоа, тие секогаш се сомневаа дали мајката ќе стави шеќер и дали нема да штеди на нивната храна. Какво болно искуство беше за тие родители! Може да се замисли дека доколку таквата состојба одеше неконтролирано, децата може еден ден да направат некоја страшна работа против нивните родители, под претпоставка дека нивните родители се против нив. Сето ова ја илустрира горчината, направена против Бог, кога луѓето дозволуваат да веруваат во мислите што ги става сатаната во нивните умови и да преземаат работи во свои раце.

Зарем ова не е уште еден од заборавените фактори во сексуалното лошо однесување и најважниот – зло сторено против Бог и Неговата добрина? Ако човек сака да го воспостави обновениот мир со Бог, тој ќе мора конечно да се приближи до ниското место каде што отиде Давид и да каже заедно со него: „Против Тебе, само против Тебе згрешив и пред Тебе зло изврших“.[7]

Можеби нема поголема песна на покајание, во однос на овој аспект на нештата, од стиховите напишани од Сер Х. Бејкер:

---

[7] Пс. 51:4.

Бог ме направи за Себе, за да Му служам,
Со чиста служба на љубовта и со страв на син;
Да ја покаже својата слава, за Тој да работи сега;
Потоа, видете ја Неговата слава каде се
поклонуваат ангелите.

Сета благодат што ми требаше беше моја преку
Неговиот драг Син
Чијшто живот и смрт го освоија моето
целосно спасение;
Благодатта што ме зајакнуваше и поучуваше;
Благодат што ќе ме круниса кога мојата работа
ќе се искова.

И јас, сирот грешник, го фрлив сето тоа;
Живееше за трудот или задоволството на секој ден;
Како Христос да не ја пролеа својата скапоцена крв,
Како да не Му должев почит на мојот Бог.

О Светиот Дух! Со Твојот оган божествен
Се топи во солзи ова мое неблагодарно срце;
Научи ме да го сакам она што некогаш ми се чинеше
дека го мразам
И живеј за Бог пред да биде доцна.

Не можете ли да го слушнете во овие зборови липањето на човекот кој гледа дека згрешил против добрината на Бог и Неговата висока цел за него? И зарем не се овие зборови што може да ги употребиш кога ќе се вратиш кај Господ?

Девет

# ЧУДЕСНА БЛАГОДАТ – НЕРЕДОТ УРЕДЕН

Целта на Бог во сите негови постапувања со грешниците не е нивна осуда и уништување, туку нивно закрепнување и возобновување. Ова е сферата во којашто Господ Исус Христос се истакнува, и тоа го прави исто така во областа на неуспехот на сексот, како и во која било друга област. Навистина, огромно е Неговото простување, закрепнување и обновување, така што новото нешто што Тој го произведува од остатоците од нашиот грев откако ќе се покаеме, понекогаш е подобро и послатко од првичното нешто што го расипавме. Поради ова, на небото нема да има залудни жалења, никакво каење, ниту „поинаку" – за работата на возобновување што ја направи благодатта за нас и ќе се види дека нашите животи се целосни и сеопфатни. Кога ќе погледнеме наназад, ќе видиме дека божествениот грнчар повторно прави сад што беше друг сад, „како што му падна на ум да направи",[1] и со тоа доби бесконечна слава. Последната солза ќе биде избришана од нашите очи и ќе ни остане само пофална песна. Прекрасната работа е сепак, што можеме да ги исушиме тие солзи и да ја започнеме нашата пофална песна сега.

Откупен, исцелен, обновен, простен

[1] Ер. 18:4.

Кој треба да пее за твојата пофалба? Никаде не се гледа појасно благодатта што „му простува на оној кој го предизвикал нередот и го исправа тој неред“ отколку во историјата на Давид. Неговата приказна е дадена на страницата на Светото писмо, не толку за да се прикаже крал кој многу згрешил, туку за Бог кој чудесно простил и обновил. Навистина, толку голема беше возобновувачката благодат, што она што требаше да биде постојана одговорност и срам за Црквата, фактот дека нејзиниот најголем псалмист падна толку срамно, беше преобразен и стана еден од нејзините најголеми придобивки. Ничие сведоштво не му дава на грешникот таков поттик и надеж како она на Давид, од каде произлегува она што тој го напиша во 32 и 51 Псалм. Го замислувам како вели, додека му ги предава пополнетите листови на својот главен пејач: „Научи ги луѓето и нека ја пеат во храмот, и целиот свет да ја знае милоста што Бог му ја покажа на грешник како мене“. И благодатта Божја сè уште ги претвора нашите обврски во средства, од коишто главно е сведоштвото што ќе ги охрабри другите грешници да Го примат Исус Христос како и ние – тоа е, ако сме подготвени да го дадеме на располагање на Бог за оваа цел.

Првото нешто што го гледаме е дека Давид се покаја и ги постигна сите резултати што ги спомнавме на овие страници. Веднаш штом Натан го соочи со Божјата порака, тој се понизи пред пророкот без да избегне момент или да се оправда себеси, и рече: „Згрешив пред Господа“.[2] Длабочината на неговото покајание може да се процени од фактот дека тој беше подготвен да го напише своето сведоштво, сведочење на грешник кому му е простено и да го испее во храмот. Колку се разликуваше од неговиот претходник, кралот Саул, кој кога го предизвика пророкот Самуил, ги кажа истите зборови: „Згрешив!“, а потоа покажа колку е неискрено неговото покајание, додавајќи: „но направи ми сега чест пред старешините на мојот народ“[3],

[2] 2 Сам. 12:13.
[3] 1 Сам. 15:30.

т.е. не дозволувајте никому да знае, поминете низ верските церемонии со мене. Од друга страна, Давид беше подготвен да биде познат по тоа што навистина е, грешник кому Бог се смилува. Тогаш, длабочината на неговото покајание ја покажува фактот дека во неговиот псалм на сведоштво, Псалм 51, нема затајувања, рационализирање на неговиот грев, ниту кажување што имал порано, „зашто ножот истребува некогаш еден, некогаш друг“[4]. Наместо тоа, тој пишува: „Ослободи ме од пролеаната крв, Боже, Боже на моето спасение“.[5] Тој го нарекува својот грев каков што е – убиство. Без сомнение, многумина околу него беа подготвени да го земат својот дел, да го убедат дека тоа не е навистина убиство. Но, сега кога Давид се понизи пред Бог, нема да има ништо од тоа. Тој се нарече себеси убиец, и едноставно бара одложување од Судијата на целата земја.

Ако се прашаме како Давид дошол пред Бог со толкава искреност и самоосудување, одговорот е дека само тој Го познавал Бог со Кого си имал работа, и дека тој Бог е милостив и подготвен да помилува. Стоејќи пред таа благодат, Давид знаеше дека може да си дозволи да ја признае целата грешност. И доволно сигурен, брз како блесок, одговорот се врати: „Господ го симна од тебе гревот твој – ти нема да умреш“.[6] Но, забележи го зборот „но“. Се чинеше како Натан да рече: „Во твоето признание и самоосудување го отстрани својот грев, т.е. се одврати од него. Господ го стори истото. Сега може да се смета дека исчезна засекогаш“. Величественоста за тоа треба да нѐ зачуди.

О, ненадминлива добрина, Тој покажува,
Оваа ненадмината добрина кон Неговите непријатели.

---

4 2 Сам. 11:25.
5 Пс. 51:14.
6 2 Сам. 12:13.

Иако ситуацијата што произлезе од неговиот грев во моментот е далеку од решена, иако мораше да претрпи тешка дисциплина, тој мина низ нив како оправдан човек во заедништво со Бог, и ги искуси сите удобности и поддршката од Бог.

Истата благодат важи за нас, кога ќе се покаеме како Давид. Навистина за нас, таа благодат беше поизразена и посигурна, со тоа што знаеме дека додека сè уште бевме во нашите гревови, Тој Го даде Својот Син да умре за нас на крстот. Во моментот кога ќе престанеме да го креваме носот и ќе се поклониме пред Господ Исус со покајание и исповед, во тој момент ќе го слушнеме зборот: „Господ го отстрани твојот грев“. Како што вели Г. Кембел Морган во својот коментар на овој стих: „Човек го отфрла својот грев кога го признава со искреност. Тоа Му овозможува на Бог да го отфрли. Божјото отфрлање на гревот е секогаш потенцијално можно со божественото искупување; но тоа може да стане возможно во искуството на грешникот само кога грешникот ќе се исповеда, и така судијата ќе го отфрли“.[7]

И навистина, моравме да веруваме дека ако Бог го отфрли, тогаш навистина ќе го снема. „Колку е далеку исток од запад, толку ги оддалечува Тој од нас нашите престапи“.[8] Растојанието помеѓу истокот и западот е бесконечно растојание, растојание што во природата не може да се измери. Исто колку што Бог ги отстранува гревовите на човекот што се покајува. И како во случајот на Давид, ситуацијата што ја предизвикавме со нашиот грев продолжува и може да нè стави во понизно дисциплинирање, може да ги пројдеме како простени луѓе, во заедништво со Исус. Понекогаш фактот што нашиот грев нè остава со болен резултат, што можеби некогаш е пред нас, може да ни отежне да веруваме или барем да уживаме во простувањето на гревовите. Но, мора да го сториме тоа, или

---

7 G. Campbell Morgan, *Searchlights from the Word,* Oliphants Ltd., London 1952.

8 Пс. 103:12.

во спротивно да ги обесчестиме Бог и крвта на Неговиот Син, пролеана за нас, бидејќи „кој не Му верува на Бог, Го прави лажливец“.[9] И додека го правиме тоа, Бог е во состојба да ја преобрази последицата од нашиот грев, така што таа повеќе не носи осуда за нас, туку едноставно станува Божја суровина во којашто Тој изработува нов план за нашите животи. Но, повеќе за тоа малку подоцна.

Давид не само што се покаја, туку без поговор се потчини на сите дисциплинирања што Бог му ги наметна заради неговиот грев. Ова, за возврат, предизвика уште една чудесна благодат од Бог, покрај чудата на Неговата прошка.

Иако Божјата прошка беше сосема целосна, Бог сепак му наметна тешко дисциплинирање на Давид. Натан откако му рече дека Господ го отфрли неговиот грев, продолжи: „но бидејќи со тоа им даде повод на непријателите Господови да Го хулат, затоа синот кој ти се роди, ќе умре“.[10] Му беше кажано и: „затоа мечот нема никогаш да се оттргне од твојот дом засекогаш, ...Ете, јас ќе подигнам зло против твојот дом...“.[11] Овие две работи сигурно се случија, и трогателна глетка е да се види покорноста и кротоста на Давид под казните на неговиот Бог. Тој знаеше дека „Господ го казнува оној кого го сака; го кара секој син кој го прима“.[12] Тој знаеше дека ударот не беше казна од судија туку дисциплина на татко кој му простил, и тој му се потчини како таков, без мрморење.

Деталите од приказната можеби ќе се повторат. Детето кое го роди Витсавеа се разболе. „Давид Му се молеше на Бога за детето, постеше Давид и осамен ја мина ноќта, легна на земја“.[13] Кога ја слушна веста дека детето е мртво, наместо

[9] 1 Јн. 5:10.
[10] 2 Сам. 12:14.
[11] 2 Сам. 12:10–11.
[12] Евр. 12:6.
[13] 2 Сам. 12:16.

повеќе да биде натажен, „Давид стана од земјата, се изми, се помаза, се преоблече и отиде во домот Господов и се молеше. Кога се врати дома, побара да му донесат леб и јадеше".[14] Кога неговите слуги изразија зачуденост од неговите постапки, тој одговори со благородни зборови: „Додека детето беше живо, јас постев и плачев, бидејќи мислев: кој знае, нема ли да се смили над мене Господ и нема ли детето да остане живо? А сега е умрено, зошто да постам? Зар можам да го вратам? Јас ќе отидам кај него, тоа нема да се врати кај мене".[15] Погледнете го овде неговото поднесување без поговор кон она што Бог дозволи да го снајде.

Секако се збидна и пророштвото на Натан во врска со неволјите што го снајдоа Давид од неговото семејство. Најтемниот момент во животот на Давид беше кога дозна дека неговиот син Авесалом се побуни против него, и успеа да ја оддалечи целата нација од него, и го узурпира неговиот престол.

Темнината на таа тажна ноќ кога Давид мораше да побегне во егзил со неколку стотици верни луѓе, сепак се осветли од овој еден зрак, дека сето ова се случуваше како што рече Бог – дека иако го стегаа и тоа мошне болно, тоа беа рацете на Бог Кој му прости и Кој го засака. Од таа причина не му беше тешко да се потчини на притисокот на тие раце. Кога неговите следбеници сакаа да го земат ковчегот Божји со себе, како надворешен знак дека Бог е на нивна страна, Давид рече: „Врати го Божјиот ковчег во градот. Ако најдам милост пред очите на Господ, Тој ќе ме врати и ќе ми даде да Го видам Него и Неговото живеалиште. Ако пак, Тој каже: 'Немам кон тебе благонаклонетост', тогаш ете ме, нека прави со мене она што ќе Му се види дека е добро".[16]

---

14 2 Сам. 12:20.

15 2 Сам. 12:22–23.

16 2 Сам. 15:25–26.

Ова потчинување на Бог во ситуацијата се одразило и во однос на неодмаздување кон другите. Кога еден од неговите стари непријатели отворено го проколна при бегството, кого неговите следбеници ќе го убиеја заради ова, Давид рече: „Оставете го, нека колне, зашто Господ му заповедал; можеби Господ ќе погледне милостиво кон мојата понизност, и ќе ми воздаде Господ добро за денешното колнење!“[17] Никаде не беше покажан ваквиот став на благост и неодмаздување како во неговиот став кон неговиот син Авесалом, причина за сите негови страдања. Кога на крајот Давид ги испратил своите луѓе против Авесалом и неговите сили, тој бил внимателен и ги поучи: „Зачувајте ми го момчето Авесалом“.[18] Неговата цел не беше да биде убиен туку дека треба да се врати жив, за да може неговиот татко да го сака во покорност. Никаде во литературата нема попотресен крик на тага отколку кога подоцна слушнал дека неговиот син бил убиен во битката: „Сине Авесаломе! Сине, сине Авесаломе! О, да бев умрел јас наместо тебе, Авесаломе, сине мој, сине!“[19] И оваа трпеливост кон неговите непријатели се должеше на фактот дека тој најпрво се понизи пред Бог и ја прими ситуацијата како да е од Неговата рака. И така, Бог не само што му прости на Давид, туку ги искористи сите страдања и дисциплинирања што беа резултат на неговиот грев, за да го одведе по патот на светлината и покорноста кон Него.

И кај нас, иако можеби знаеме дека ни е простено, може да има дисциплинирања коишто Бог ги постави врз нас, преку самите ситуации што можат да ни дојдат како последица на нашите гревови. На овие дисциплинирања Божји, повикани сме да им се потчинуваме без резерви и мрморење, не обвинувајќи

---

[17] 2 Сам. 16:11–12.
[18] 2 Сам. 18:5.
[19] 2 Сам. 18:33.

ниту една друга причина, но гледајќи дека сè доаѓа кај нас од раката на Бог Кој љуби и Кој ни простува. Само така ќе ја најдеме оваа понатамошна благодат што се справува со ситуацијата во којашто се наоѓаме и ја прави суровина за нова цел на љубовта.

Понекогаш, ова потчинување може да недостасува кај оние кои тврдат дека се покајале. Еднаш слушнав за еден човек кој паднал во неморал, сметал дека ѓаконите на баптистичката црква, чијшто член бил, мораат да го дисциплинираат во согласност со Светото писмо. Според тоа, неговото име беше избришано од списокот на членови и му беше забрането да зема леб и вино од причеста, но би им било мило ако тој продолжи да присуствува на црковните служби ако така реши. Тој дал целосна исповед и се чинеше дека се кае. Продолжил да присуствува во црквата и седел во задниот дел на службите за причест, без да учествува. Бидејќи црквата не го вратила наскоро поради неговото признание, тој се налутил, како што го нарекол, нивниот став на непростување и се придружил на друга црква. Ова служеше само за да се покаже дека црквата била во право што не дозволила брзо да се врати. Еден вистински покајник би се потчинил на сето она што може да се стави врз него, сè додека неговите браќа сметаат дека е потребно. Тој требаше да рече: „Ако ме исклучат засекогаш, тоа е само малку од она што навистина го заслужува мојот грев", и тој ќе го земеше тоа од раката на својот Бог и ќе беше во мир. Тоа е човекот кој наскоро е признат во заедништвото на грешните, што всушност е христијанската црква. Но, ако не се најдеме исполнети со прошка и разбирање од другите, можеби не сме се покајале доволно вистински и не сме се потчиниле доволно длабоко на сè што може да нè снајде нас. Луѓето го чувствуваат тоа инстинктивно и се однесуваат соодветно кон нас. Мошне е тешко да не му простиме на вистински скршен човек. Сепак, ако луѓето навистина се однесуваат така кон нас,

и покрај целото наше самопонизување, тоа обезбедува нешто повеќе за да можеме да се потчинуваме, бидејќи пред сè, му се потчинуваме на нашиот Бог.

Како што Давид се покоруваше на сè што Бог дозволи да падне врз него, увиде дека Бог работи на негова страна, преземајќи ги неговите работи, оправдувајќи го како свое дете, замолчувајќи ги сите негови непријатели. Самата ситуација што произлегува од неговиот грев, сега веќе не беше одговорност на Давид туку на Бог. Таа сега стана суровина за новата цел на Бог за Давид, во којашто Тој ќе покажеше каков Бог има Давид, како да нема никаква вина поврзана со Давид за ситуацијата – и навистина нема вина, зашто Божјата прошка за Давид беше целосна. Ова не е место за да се раскажат сите детали на бесмртната приказна, освен да се каже дека Бог го избавил од сите негови непријатели и на крајот го вратил на самиот престол за којшто би помислил дека праведно се откажал засекогаш. Авесалом бил убиен во битка, неговата војска била уништена, а подоцна целата нација му испратила на Давид порака: „Врати се ти и сите твои слуги“.[20] И Давид заврши повеќе сакан и почесен од кога било, неговиот престол побезбеден и неговото царство попросперитетно. И искуствата низ коишто тој го помина својот сопствен неуспех, омразата кон горките непријатели и бесконечната Божја обновувачка благодат сега го претставуваат „слаткиот израелски псалмист“ со дополнителни пофални песни на Бог. Каква илустрација е ова за фактот дека Бог не само што му простува на покајникот, туку го брани доколку е потребно, поседувајќи го пред сè како свое дете и слуга.

Истото важи и за нас. Додека не се покаеме, ситуацијата што ја создадовме е наша одговорност. Но, од моментот кога ќе се понизиме во покајание и исповед, ситуацијата станува Божја и неговата цел е да направи нешто ново во неа. Како и со

[20] 2 Сам. 19:14.

Давид, таа сега е едноставно Неговата суровина за нов план на љубовта, како да нема никаква вина. Одговорноста се пренесува од нашите плеќи на Неговите и Тој ни нуди да се одмориме во Него за сето тоа, а потоа едноставно да соработуваме со Него, почитувајќи ја светлината што ни ја дава за следните чекори што треба да се преземат. И додека го правиме тоа, Тој работи во наша корист и започнува да се појавува нов образец, којшто непогрешливо упатува на Неговата рака, и додека одиме со Него, го наоѓаме како воведува мир во хаосот. И, ако прашаме како е можно да одиме во мир со Него, среде ситуации на тешкотии за коишто придонесоа нашите гревови, одговарам дека не можеме да станеме побели за Божјите очи отколку што Христовата крв нè мие кога го нарекуваме гревот грев; и Бог засекогаш е на страната на таквиот покајник, дури и ако тој бил најлошиот грешник од пеколот.

Таквите триумфи на благодатта се гледаат во огромното изобилство и бесконечната разновидност каде и да се објавува Христовото евангелие. Многу нивоа на сведоштво ќе се издигнат за да кажат за моќната благодат којашто им прости, ги обнови и ја среди целата штета што ја создаде нивниот грев и им ја направи „добро повеќе отколку во поранешните времиња“[21]. Еден таков пример ќе е доволен. Една млада невенчана мајка која ја познавам, го најде Господ Исус како свој личен Спасител среде урнатините на нејзиниот живот. Не само според нејзиното лошо однесување, туку и за друго, таа се виде себеси грешник кој Исус дојде да го спаси. Бидејќи многу ѝ е простено, таа многу го сакаше својот Спасител и научи да оди со Него секој момент. Толку беше целосно простувањето и прочистувањето од гревот, што Господ Исус ѝ го даде, што се избави од чувството на срам и остана со мирното сведоштво на грешник за својот Спасител. Таа се озари и храбро отиде на работа, воспитувајќи го своето дете

[21] Ез. 36:11.

кое сега со радост го прифати како дар Божји за неа; иако понекогаш мораше да се врати во подножјето на Крстот кога сатаната ја укоруваше за минатото. Никогаш не сакаше да биде позната по друго, освен по тоа што таа навистина секогаш беше подготвена да го даде своето сведоштво за спасоносната благодат на Исус кон невенчаната мајка. Така, таа продолжи неколку години. Потоа, еден ден, додека еден христијанин го бараше Божјото мислење за животна партнерка, беше насочен и привлечен кон неа. Денес тие се во брак и подигнат е уште еден христијански дом од којшто многу фалби се подигаат кон Бог. И сето тоа од урнатини, што за други кои се далеку од Бог, не значеше ништо друго освен очај и цинизам. Кога на Бог Му е дозволено да влезе во животот, секогаш има среќен крај, без оглед каква е состојбата на работите што може да ги најде кога ќе дојде.

Довербата на Давид во Божјата благодат кон грешникот беше неверојатна, дури и кога неговите страдања беа најдиректно поврзани со неговиот грев и со најголем интензитет. Цитирам еден инцидент за наше охрабрување. Насловот на третиот псалм ни кажува дека го напишал Давид „кога избега од неговиот син Авесалом“. Ова сигурно беше еден од најмрачните моменти во неговиот живот, особено со сознанието дека Натан му рекол оти тоа е една од работите што ќе го снајдат како дисциплина за неговите гревови. Затоа, некој би очекувал да го најде Давид здробен во духот и полн со самоосудување, сосема сигурен дека Бог е против него за да му го даде заслуженото и да бега како мало куче со опашката помеѓу нозете. Всушност, беше спротивното. Го наоѓаме полн со доверба во Бог и потполно уверен дека Бог е на негова страна. Слушајте го: „Господи, колку многу се намножија противниците мои! Мнозина се креваат против мене; мнозина велат за душата моја – нема помош за него во Бога! Но Ти, Господи, си штит мој, слава моја;

Ти ја подигаш главата моја“.[22] Тој продолжува во овој правец, станувајќи сѐ посигурен додека не заврши со очекување со вера за целосната победа на Господ во негово име и целосното истребување на неговите непријатели. „Стани Господи! Спаси ме, Боже мој! Зашто Ти ги удираш по лице сите мои непријатели и им ги здробуваш забите на грешниците“.[23]

Какво охрабрување за секој човек денес, кој треба да оди по тешкиот пат, како последица на неговите грешки во минатото! Таквиот човек може да има уште поголема причина за доверба во Бог на благодатта отколку Давид, затоа што може да види дека Исус умрел за него и дека неговата крв е доволна за да се исчисти секоја дамка и да се отстрани целосно елементот на вина за она што се случило. Затоа, не треба да има никакво понатамошно самообвинување, слика дека Бог зеде стап, туку дека Бог е на страната на оној кој се бори, правејќи нешто ново и убаво од конфузијата што ја предизвика. Во меѓувреме, Тој ги користи интервентните искушенија и дисциплини како средство за да го врати по патот на светлината и да се покори на самиот себе, како што стори со Давид.

Нешто убаво, нешто добро;
Тој ја разбра целата моја збунетост;
Сѐ што имав да Му понудам беше
скршеност и расправии,
Но, Тој направи нешто убаво од мојот живот.[24]

---

[22] Пс. 3:1–3.
[23] Пс. 3:7.
[24] Нешто убаво од Вилијам Џ. Гајтер, 1971.

Десет

# ПОДЛАБОКО ПОКАЈАНИЕ

Во претходните глави ќе забележите дека еден збор постојано се повторува, збор на којшто се чини дека му се придава големо значење. Навистина, беше нагласено дека вистинското искуство на благодатта Божја при обновување зависи од тоа. Тоа е малиот збор „покајание“. Затоа е важно да го дефинираме и да разјасниме што се бара од нас овде. Навистина, самиот факт дека поднасловот на оваа книга е „Помош за подлабоко покајание“, го прави повеќе од потребно да се стори тоа. За ова, ние мора да се свртиме кон Светото писмо.

Која било референтна книга ќе ни каже дека грчкиот збор, преведен со „покајание“ значи промена на умот. Се користи за да се изрази промена на умот не само во врска со гревот, туку и во однос на што било друго. Се вели дека Бог „не е човек, та да се предомисли“.[1] Повторно, „зашто даровите и повикот Божји се неотповикливи“[2], што значи дека Тој не се предомислува во врска со повикот што ни го дал. Сепак, Исав „не најде место за покајание, иако го беше молел дури со солзи“.[3] Ова не значи дека Исав не може да се покае, туку дека не може да го натера неговиот татко Исак да се покае, односно да се премисли. Исак го дал својот патријаршиски благослов со сите работи што оделе со него на Јаков и не сакал да го поништи.

[1] 1 Сам. 15:29.
[2] Рим. 11:29.
[3] Евр. 12:17.

Меѓутоа, обично овој збор се користи за човек кој се предомислува во однос на моралните прашања. Онаму каде што рече дека е во право, тој самиот признава дека не е во право; каде се правдаше, сега се осудува. Тоа е навистина скапа промена на умот, затоа што сите мразиме да грешиме и сакаме да бидеме во право.

Се чини дека можеме да ги сумираме повиците на Бог за човекот да се покае во три точки. Прво, тој е повикан на „покајание пред Бог“.[4] Тоа е основното покајание на коешто се повикуваат сите грешници. Тие мора да се покаат затоа што го воделе сопствениот живот и отишле по својот пат, независно од Бог и сметаат дека е правилно да го сторат тоа. Тие мора да се предомислат, да признаат дека грешат во тоа што го прават и да се свртат кон Бог. Не е работата да се признае дека тие се лизнале на автопатот на светоста на оваа или онаа работа, туку да се признае дека никогаш не биле на него, туку на широкиот пат што води кон уништување.

Потоа следува покајание за личните гревови и ставови, како кога Петар му рече на маѓепсникот Симон: „Туку покај се за оваа зла намера и помоли Му се на Бога за да ти се прости помислата на срцето твое“.[5] Ова е покајание кон коешто Бог го повикува не само оној кој се обраќа кон Него за првпат, како што треба, туку и христијанинот. Пораката на Господ до најмалку пет од седумте цркви на коишто им испратил писма во првите глави на Откровението е „покајте се!“ (Отк. 2:5; 2:16; 2:21; 3:3; 3:19).

Трето, ја имаме фразата „покајание од мртви дела“.[6] Претпоставувам дека оваа фраза значи барање мир со Бог „не од вера, туку од делата на Законот“.[7] Мора да се премислиме

---

[4] Дела 20:21.
[5] Дела 8:22.
[6] Евр. 6:1.
[7] Рим. 9:32.

во тоа да го заработиме нашиот пат назад кон Бог со работите што ги правиме. Можеби ова ни изгледа мошне правилно, но мора да се покаеме за таквите дела и да видиме дека тие се мртви и безвредни за Бог, освен ако не дојдеме прво кај Него преку новиот и жив начин на крвта на Исус.

Затоа, покајанието е промена на ставот во однос на овие три работи; но тука размислуваме особено во врска со второто, имено, гревот. Покајанието за гревот мора да се изрази, и тоа се прави со признание со збор и со дело на надоместување.

Прво, признание. Секако, тоа мора да го следи покајанието. Не можеме да исповедаме како грев она за што не сме се покајале, но она за што сме се покајале, сега мора да го исповедаме. Ова признание е направено пред сѐ на Бог. Не е доволно да се каже: „Бог знае сѐ за тоа, зошто треба да Му признаам?“ Тој вели: „Земете ги со себе зборовите и обратете се кон Господа“.[8] Затоа, мора да го искажете своето покајание со зборови. Клекнете на колена и кажете Му на Бог што сте направиле, како сега го гледате гревот и како тоа ве открива да бидете човекот што сте. Не брзајте со тоа. Заземете ја страната на Бог против себе. Можете да се наречете со сите лоши имиња, како што сакате, и само одвај ќе се приближите до вистината. Се сеќавам како некогаш ќе се покаев пред Бог и ќе кажав прилично тешки работи за мене. Почувствував дека бев прилично суров во врска со сето тоа, можеби претерано ја преувеличував изјавата за мојата грешност и половично очекував Бог да ми каже како што понекогаш велат некои колеги кога некој ќе го заземе скромното место: „Па не си до толку лош“. Наместо тоа, како што станав тој ден, како да го слушнав небото како изговори голема потврда „Амин!“, со други зборови, „Така е!“ Можеби се штедиме тука и нашето покајание треба да оди подлабоко.

---

[8] Ос. 14:2.

Постојат моменти кога е очигледно дека оваа исповед треба да му се даде и на човек, на оној или на оние на кои сме им згрешиле или сме ги измамиле, и Бог ќе нè наведе како и кога треба да се направи тоа. Ова секогаш нè вклучува во губењето на нашата правда, т.е. угледот пред другите, и добро што се прави тоа. Исус ја изгуби својата репутација за нас кога го зазеде нашето место на крстот; и дали не треба да бидеме подготвени да ја отфрлиме нашата кога Тој нè осудува? Секако дека е вистинска смрт да се стори тоа, но во христијанскиот живот ние умираме за да живееме и колку е обилен животот – Неговиот живот – кој ни доаѓа од гробот на „јас“! Можеби и тука треба да одиме подлабоко и да се разделиме со последната трошка од нашето оправдување за нас самите.

Тогаш, покајанието се изразува со надоместување штета што сме им ја нанеле на другите. Постојат случаи кога единственото надоместување што можеме да го направиме е да побараме прошка од другиот. Сепак, честопати, мора да одиме подалеку; украдената работа мора да се врати, да се раскине погрешниот однос со друг, да се врати одлуката, да се напушти курсот, да се откаже од идолот кој го зазема местото на Христос во нашите животи. Понекогаш треба да се направи дарежлива оштета за нанесените загуби, како во случајот со Закхеј, кој отплати повеќе од она за што ги измами луѓето. Иако ги користев зборовите „мора“ и „треба“, враќањето не треба да се прави само како законска обврска, туку затоа што срцето е досегнато и омекнато со простувањето на Господ Исус; и сега ја имаме Неговата љубов кон тие луѓе; и тоа е далеку повеќе од „сакам да го сторам тоа“ отколку „требаше“.

Исус ѝ рече на црквата во Лаодикија: „биди искрена и покај се“.[9] Нашите учители со право ни рекоа дека треба да бидеме ревносни во сведочењето, ревносни во молитвата, ревносни и во читањето на Библијата. Но, како Исус да ни кажува во овој

[9] Отк. 3:19.

стих: „Пред сè друго, биди ревносен во покајание". Тој сака да се покаеме во стил, исто како што тоа го направи Закхеј, со сето срце и со отворени раце.

Знак на вистинското исповедање е дека тоа се прави доброволно и не само кога ќе бидеме откриени – кога немаме други можности, освен да признаеме. Исповедта на Ахан за гревот на кражбата на златото и облеката при соборувањето на Ерихон беше од овој ред и тоа не му донесе прошка.[10] Бог му даваше неколку шанси да го признае својот грев доброволно, како што беше фрлена ждрепка, најпрво меѓу племињата, потоа меѓу семејствата во племето што беше заземено, потоа меѓу домаќинствата во семејството што беше земено и на крајот меѓу поединците. Колку драматична приказна е тоа! Бог лесно можел да му го каже на Исус Навин името на виновниот човек на почетокот, и веднаш можеле да отидат кај неговиот шатор и да ги пронајдат работите. Но, Бог намерно избра да го помине овој бавен заобиколен пат за да го открие виновниот човек, со цел да му даде можност доброволно да признае за да може Тој да му се смилува. Но, иако јамката полека се затегнуваше околу Ахан со секое последователно фрлање на ждрепката, тој реши да блефира до крај, надевајќи се цело време дека последната ждрепка нема да падне врз него. Кога на крајот беше одредено едно домаќинство, и се фрлаше ждрепка за секој човек, беше доцна за милост. Тој ја покажа својата тврдоглавост и неподготвеност да се покае до крајот, и иако кога се соочи со тоа тој призна, Божјиот указ беше дека треба да се каменува.

Некои луѓе мислат дека направиле прекрасна работа ако признаат кога конечно ќе се дознае ова прашање. Но, сè додека постоеше можност никогаш да не се открие, тие беа задоволни да продолжат во тишина. Затоа, нивното признание за грев, кога конечно беше направено, воопшто не беше вистинско признание и не им донесе прошка од Бог. Исповедта на

[10] Ин. 7.

гревот, што го придвижува сочувството на Бог и го внесува во работите на човекот е онаа на човекот кој признава дури и ако никогаш не се дознае, кога тоа го прави само поттикнат од убедувањата и привлечностите на Светиот Дух. Ќе треба нешто повеќе од признанието за грев на „Ахан" за да донесе човек во мир со Бог и да го натера Бог да работи за него. А сепак, понекогаш се случува во животот, искуството да се биде откриен да произведе кај човекот, преку делувањето на Светиот Дух, вистинско самоосудување што го доведува кон Бог.

Во светло на ова, можевме да посакаме Давид да не чекаше Натан да го предизвика со неговиот грев пред да го признае. Колку повеќе би можел да се слави Бог ако Давид во мизеријата на своето срце најпрво го бараше пророкот и ја разоткриеше целата приказна и ги бараше неговите молитви. Од оваа гледна точка, може да се сомневаме во вистинитоста на покајанието на Давид. Реков дека треба нешто повеќе од признанието на гревот на Ахан за да донесе човек во мир со Бог. Во случајот на Давид, сигурно постоеше ова „нешто повеќе", инаку Давид никогаш не би го знаел возобновувањето на Бог на начинот на којшто знаеше. Ова го велам за охрабрување на секој чиешто лажно срце ги натера да го одложат признанието сè додека немаат друга опција, и кој може да биде склон кон очај. Има охрабрување дури и за таквите од приказната за Давид, бидејќи ако се најде „нешто повеќе" во нашето покајание што го имаше во Давид, може да бидеме уверени во милост. Секако, во покајанието на Давид имало и други елементи, освен доцнењето на неговото признание. Прво, предизвикот на Натан беше поздравен – повеќе од тоа, тоа беше олеснување. За една година, Давид беше под ужасно убедување за грев и во голема мизерија на срцето, бидејќи го криеше својот грев. Во Псалм 32, каде што раскажува за тоа низ што поминал тоа време, рече: „Кога молчев, моите коски се исушија од моето офкање преку целиот ден. Дење и ноќе, Твојата рака тежеше врз мене, мојата

животна влага се претвори во летен припек“.[11] Кога Натан дојде со својот предизвик, беше дочекан со олеснување, зашто му даде можност да се исповеда и да го изгуби товарот. Второ, имаше непосредно признание без никакви изговори или заобиколувања или самооправдување: „Згрешив против Господ“.[12] Понатаму, имаше и подготвеност да се знае за тоа што е тој во двата псалма на сведоштво што ги напиша.[13] Потоа, исто така, тој беше подготвен да се потчини на целата дисциплина што Бог ја постави врз него, како што видовме.

Сите овие работи му покажаа на Давид, и покрај незгодното признание, дека е вистински скршен пред Бог; и затоа знаеше за обновување на благодатта Божја. И, истото може да важи и за нас, иако треба да признаеме дека покајанието и исповедта се одложени толку долго.

---

11 Пс. 32:3–4

12 2 Сам. 12:13.

13 Пс. 32 и 51.

Единаесет

# МОРА ДА ПРОСТИТЕ

До сега го имавме предвид главно случајот со оној кој згрешил и нанел рани, и потребата да се покае. Сега, што е со оној кој претрпел зло, понекогаш длабоко и трајно зло? Ако оној кој нанел зло мора да се покае, повредената страна мора да прости. Ако не го стори тоа, тој само си нанесува понатамошна штета. Ако е вистина, „а скршен дух – кој може да поткрепи?“[1] тоа е во голема мера затоа што ранетиот нема да му прости на другиот кој му ги нанел тие рани, и со себе носи непростувачки дух што го јаде однатре и само му ја зголемува мизеријата. Понекогаш мажот нема да ѝ прости на својата жена или пак сопругата на нејзиниот сопруг, дури и откако ќе има признание, и континуирано подбуцнува навраќајќи се на она што се случило, покажувајќи дека коренот на непростувањето сè уште останува. Понекогаш, непростувањето резултира во тотално отфрлање на другиот, и двајцата престануваат да живеат заедно. Честопати има горчина и непростување кон третото лице, кое се вмешало во бракот и го нарушило. Ова понекогаш значи дека мажот или жената се занесуваат со мислата дека може да ја уништи таа трета страна во секое време кога ќе посака, па дури и може да планира да го стори тоа.

Не лажете се, може да биде тешко и скапо вистински да му се прости на друг тешко зло, затоа што тоа секогаш значи дека сте се согласиле да бидете навредени. Не можеме да простуваме додека се држиме до нашите права и чувството на повреда. На пример, ако еден човек на друг му прости долг од 1.000 УСД,

[1] Изр. 18:14.

тоа значи дека тој мора да се согласи самиот да ја претрпи таа загуба, да останеш без таа сума. Не можеме да простиме без да прифатиме самите да ја претрпиме загубата.

Така е дури и со Бог. Ако сака да ги прости гревовите на човекот, тој мора да се согласи да претрпи загуба, предизвикана од самиот грев. Треба да прифати да биде третиран како што се однесувал кон него тој човек, ако сака да му прости за тоа. И, со цел, Тој навистина да ја претрпи загубата и да се види дека ја претрпел, Го испрати Својот Син да умре за нас на крстот. Тоа е она што го чинеше Бог да нѐ ослободи.

Се сеќавам пред години, Вилијам Нагенда, еден од водачите во пробудувањето во Источна Африка, зборуваше за параболата за слугата кој не простил. Застана со параболата кога кралот, сочувствувајќи кон својот банкротиран слуга, го отпуштил и му простил неизмерен долг од десет илјади таланти сребро. Вилијам потоа продолжил да замислува колку го чинеше кралот да го ослободи. Следниот ден, замисли тој, беше видено комбе за мебел пред вратата на палатата за да се однесе мебелот и сите видови бесценети богатства на аукциската продажба. Кралицата подоцна беше видена како излегува во нејзината стара облека за да работи како слугинка во домовите на луѓето. Подоцна сепак, беше видена како пере алишта на други луѓе за да собере уште пари. Кога збунетиот слуга праша што се случува, кралот рече: „Затоа што ти го простив долгот. Тоа припаѓаше на ризницата на царството и мораше да се најде, така што јас сам го плаќам и ова ме чини". Исто и со Господ Исус Христос. Толку огромен беше долгот на човечкиот грев што го молеше да го плати. „Тој, иако богат, осиромаши заради вас".[2] Да ни прости, Тој беше подготвен да ја претрпи огромната загуба; немаше друг начин.

Да, неговото простување кон нас е скапо и ќе откриеме дека и за да простиме на друг човек, исто е скапо. Тоа значи дека

[2] 2 Кор. 8:9.

мора да бидеме подготвени самите да ја претрпиме загубата ако простуваме. Мора да бидеме подготвени да ни биде направено неправда на овој или оној начин, да ни ги газат правата, да нѐ навредуваат, да нѐ измамат, ако сакаме да простиме на другата личност која ни го прави сето ова. Мора да бидеме подготвени да го ослободиме другиот како што кралот го ослободи слугата, но загубата што ќе ја претрпиме е само ситница во споредба со огромната загуба што ја претрпе Исус за да ни прости. Сепак, нешто се крева во нас против такво нешто; Зошто треба да сносиме таква неправда? Зошто да се однесуваме на ваков начин? – не е фер, итн. Но, само егото се крева, „јас" што нема да ги положи своите права и круната пред Исусовите нозе. Колку и да изгледа чудно, гордоста лежи во задниот дел на тој дух што не простува, за кого треба да кажеме дека не треба да ни се случуваат овие работи, да не се газат нашите права? Ако Бог постапуваше со нас според нашите права, тоа ќе беше пекол за секој последен од нас грешниците. Ако некогаш треба да му простиме на другиот, тоа може да биде само кога длабоко ги предаваме правата и интересите во врска со ова прашање. И, ќе ни помогне во предавањето, знаејќи дека тоа беше само предавање што Тој го направи за да ни прости. Зошто тогаш да не Му правиме друштво одејќи по истиот пат?

Бидете сигурни дека неуспехот да се стори ова е навистина поразителен. Исус рече: „Ако пак, вие не простувате, и вашиот небесен Отец нема да ви ги прости гревовите ваши".[3] Не дозволувајте уредните теолошки рационализации да го тргнат сериозното предупредување на овие зборови. Тие се за да направат човек кој не простува да трепери и да се запраша каде стои.

Онаму каде што другата страна се покаја и призна, секако е полесно да се прости. Но, длабоко во нас сѐ уште може да има малку корен на непростливост, и често размислуваме за

[3] Мк. 11:26.

работите во нашите умови: „Зошто другиот го стори тоа? Зошто другиот ме измами?“ Ова покажува дека едвај се случило вистинското предавање на себеси на Исус за ова прашање. Вистинско предавање мора да се случи, доколку Неговото исцеление треба да ја допре и залечи раната. И ќе треба да одиме понатаму; ќе мора да прифатиме дека она што се случило е дозволено од Бог, како да доаѓа од Неговата рака, да им дадеме на сите нови лекции. Потоа можеме да продолжиме да Го фалиме заедно, со исто срце. И, врската што тој ја залечи вака, е посилна и послатка од кога и да било порано, пред да влезе гревот и да ја оштети толку сериозно.

Проблемот не може да не биде во некои умови – Што ако другиот не се покае? Дали сѐ уште се очекува да му простам? Одговорот е да, дури и бидејќи Бог заради Христос ни понуди прошка многу порано пред да се покаеме и да го прифатиме. Се разбира, Божјата прошка не беше реална сѐ додека не се покајавме – дотогаш беше само потенцијална. Но цената беше платена, Бог во Христос претрпе загуба, неопходна за да нѐ ослободи, и целиот негов став не беше да се обвинуваат грешниците и да се држат нивните гревови над нив, туку да им се понуди Свое простување. Да, таков беше неговиот став уште пред да се покаат, додека сѐ уште беа грешници, додека сѐ уште беа непријатели. Тешко е да се поверува во ова, но дека ова е навистина неговиот сегашен став кон грешниците, сведочи стихот „Зашто Бог го измири светот со Себе преку Христос, не земајќи ги предвид престапите на луѓето, и го положи во нас словото на измирување“.[4] Што може да значи таа последна фраза освен дека Бог не ги казнува грешниците, туку им нуди да бидат ослободени?! Се разбира, ако каењето биде одбивано до крај, тогаш на големиот бел престол, кога ќе се отворат книгите, Бог навистина ќе им ги наметне на луѓето

[4] 2 Кор. 5:19.

нивните престапи, и резултатот ќе биде вечно отстранување од Неговото присуство. Но, до тој ден, Бог не им ги наметнува на луѓето нивните престапи, бидејќи тој веќе претрпе загуба Самиот во Својот Син. Ништо не ги води луѓето кон покајание повеќе од тоа што им го открил Светиот Дух.

Сега ова треба да биде нашиот став кон оние кои ни згрешија. Нашата прошка е да бидеме целосно тука за нив, иако сè додека не се покаат, помирувањето во оваа фаза е само потенцијално, а не реално. И сето ова е затоа што направивме суштинско предавање на себеси по ова прашање. И покрај тоа што можеби сè уште не се покајале, ние ги ослободуваме, „им ја одземаме жештината"; нашите лични права во врска со ова прашање му се предадени на Бог. Тоа го остава Бог слободен да работи во нивните срца за да ги стопи. Но, ако сè уште имаме корени на горчина и омраза кон нив, тогаш простувањето кон нив не е ни потенцијално, а нашиот став е поверојатно да ги натера да се бранат и да се стврднат. Нема сомнение дека ова е работа што чини и можеби ќе треба повеќе од една посета на Исусовиот крст пред да се реши, но мора да се реши.

Сепак во некои умови може да има уште еден проблем. Некои може да речат, злото што го претрпев е она што веројатно ќе трае долго, можеби сите мои денови. Како можам да бидам мирен под толку долготрајно зло и неправда? Единствениот одговор на ова е она што штотуку беше споменато. Тоа е да прифатиме што се случило, како да доаѓа од раката на нашиот небесен Татко кој љуби и да му се покориме како јаремот што Тој ни даде да го носиме. Но вие прашувате, дали навистина може и самиот Бог да биде во она што се случи? Мислам дека можеме да кажеме да, ако видиме дека секој од нас стои во центарот на кругот, круг што можеме да го наречеме Божја волја. Ништо, според тоа, не може да ме допре однадвор од кругот, освен ако најнапред не навлезе во тој круг. Тоа може

да биде повредувачко, нефер и бесмислено, но без оглед како настанало, до моментот кога ќе стигне до мене, тоа ќе помине низ кругот на Божјата волја; стана Божја волја за мене; тоа е дозволено за мудри и добри цели.

Во центарот на кругот
јас стојам во Божјата волја;
Не може да има друга причина,
Сè мора да доаѓа од неговата драга рака.

Затоа, замерувајќи го и одбивајќи го, во реалноста се бунам против Бог и Неговата волја, и успевам само да се направам себеси полош. Ова е тешка изрека; кој може да го слушне тоа? Но, тоа е во слушањето и потчинувањето на таа волја, за душата да најде мир и помирување со Бог. И помирувањето со Бог е она што ни треба во овој момент, бидејќи мошне често не сме помирени со Бог и со она што Тој го дозволува; навистина, ние го обвинуваме за тоа, па дури и го мразиме, додека врескаме во горчина.

Ова го мислеше кога рече: „Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши. Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“.[5] Јаремот е направен за вратот на говедо. Тој ја отсликува Божјата волја, додека вратот ја претставува волјата на човекот. Но, волјата на човекот е тврдоглава или како што вели Светото писмо, тој има цврст врат[6] и јаремот на Божјата волја природно не се вклопува на него. Ако сакаме да го земеме тој јарем, мора да бидеме подготвени да ги свиткаме вкочанетите вратови, односно да се покориме. Само така ќе најдеме одмор за нашите души. Ако нам ни е тешко да се потчиниме, тој со љубов го нарекува „мојот јарем“ – тоа е

[5] Мт. 11:29–30.
[6] Дела 7:51.

јаремот што тој самиот го носеше за нас. Тој беше подготвен да се потчини на волјата на Неговиот Татко, а носењето на тој јарем го навело кротко да страда на крстот за нас. Тој не бара од нас да сториме ништо што Тој не стори за нас во бесконечно поголем степен. И, ако сѐ уште изгледа тешко да ги свиткаме вратовите под Неговата волја, Тој ни рече дека тоа е двоен јарем, Тој во едниот дел од јаремот, и место за нас е другиот дел од Неговата страна, и Тој ќе го носи со нас. Затоа, сигурно ги додаде зборовите „и научи се од Мене, зашто сум кроток и понизен по срце“. Тој е Оној Кој секогаш ја наведнуваше главата пред Таткото, секогаш беше кроток и смирен во срцето, и ако сме подготвени да одиме со Него, признавајќи Му колку сме горди и тврди, ќе научиме за Оној покрај нас, да ги наведнеме нашите глави како што тој се поклони. Нашата подготвеност да го наведнеме вратот, потчинувајќи се на она што Тој го дозволи, ќе го придвижи Неговото срце кон нас и Тој ќе ни подари многу сладок доказ за неговата љубов кон нас и многу компензација.

Дванаесет

# РАЗВОД НА СУД ИЛИ КРСТОТ?

Разводот сега е толку лесен и социјално толку прифатлив што многумина го сметаат за очигледен излез кога парот не се согласува премногу добро. Понекогаш при првите знаци на проблеми, без да чекаат да видат дали постои друг начин да се надминат проблемите, партнерите брзаат до своите адвокати, и оттаму на суд за развод. Благосостојбата на децата ги замислува за миг, но честопати не повеќе. Нивните разлики се чини дека се толку непомирливи што дури и највисокото добро на децата мора да се жртвува за желбата на нивните родители да се разделат и да најдат нови партнери. Вистинската причина не е секогаш голем проблем за нив, туку едноставно неподготвеноста едниот да му отстапи на другиот во редица прилично тривијални работи; па дури и подлабоко, одбивањето на еден од нив да каже: „Извини“ и да го мисли тоа. Поради недостаток на тој мал збор „извини“, расипани се безброј бракови, предизвикана е бесконечна мизерија и нанесена е непресметлива штета на децата и младите во тие семејства. Разводот секогаш создава повеќе проблеми отколку што решава.

Она што е можеби највознемирувачко е фактот дека оваа неодговорност во однос на трајноста на брачниот завет се проширила и меѓу христијаните. Срамот што му е направен на името Христово, прави виновникот да сака да го скрие лицето, а леснотијата и брзина со којашто некои парови преземаат

чекори за разделување, го замислува човекот за незрелоста и наивноста што ги тера да мислат дека разводот дава какво било вистинско решение.

Оваа состојба на работите е уште потажна кога блиზу до вас стои прастариот Божји начин да се помири човек со човек и маж со сопруга, Крстот на нашиот Господ Исус Христос. Никогаш немало поефикасна советодавна служба за брак од онаа што таму ја дава Исус. За жал, се чини дека малкумина одат таму, можеби затоа што е понизно да се стори тоа, а судот за развод се чини полесна опција. И така, Крстот стана заборавен фактор за заздравување на домовите и обновување на браковите.

Сега нека се сфати дека не постои двојка што понекогаш немаат разлики и вкрстување на волјата, без оглед колку се чини дека се сакаат или се посветени на Бог. Таквите работи не го изненадуваат или шокираат Господ. Тој едноставно има намера кога ќе се појават такви ситуации, не треба да одат на суд за развод (таква можност никогаш не треба да се случи), туку на Крстот на Неговиот драг Син, каде што бариерите можат лесно да се срушат и срцата да се направат повторно едно. Тој има намера, тие да дојдат на Крстот, не еднаш во животот, туку повторно и повторно, како што ќе бара ситуацијата. Ако знаете за двојка која е обединета во Господ и ја знае оваа тајна, и ако ја прашате за нивното искуство, сигурен сум дека тие би рекле: „Оваа наша љубов и единство? Не е благодарение на нас; оставени сами на себе, ќе се оддалечевме. Таа доаѓа од Исусовиот крст; затоа што во неговата крв има моќ да го очисти гревот и да ја врати љубовта“.

Исусовиот крст, значи, не е само средството со коешто човекот се помирува со Бог, туку и средство со коешто човекот се помирува со својот ближен. Зашто, ако гревот предизвикува пречки помеѓу човекот и Бог, тоа предизвикува и пречки помеѓу човек и човек и помеѓу мажот и неговата сопруга. И начинот на којшто Крстот го помирува човекот со човек не е многу различен од начинот на којшто го помирува човекот со Бог.

Како тогаш Крстот го помирува човекот со Бог? Долги векови, Бог се обидувал да го смири човекот и да го натера да ја прифати вината за својот грев, со цел потоа Бог да му прости и да го врати кон Себе. Затоа Тој на човекот му нанесе многу тешки дисциплини, но без резултат: човекот не беше скршен, тој упорно одбива да ја преземе вината и да се врати кај Господ. Најпосле се чинеше како Бог да рече: „Ако човекот не биде скршен, јас ќе бидам. Ако човекот не ја преземе вината, јас ќе ја преземам". Тоа е она што се случи на крстот; тоа беше Бог во Христос, кој ја презеде вината – Тој е праведен за нас неправедните. Ова беше божествената стратегија да го врати човекот кон Себе. И тоа функционираше на начин како ништо друго! Зашто, секогаш кога на човекот ќе му се даде вистински поглед на Крстот каде Бог ја презема неговата вината, тој е скршен, стопен, завршен и извикува: „Боже мој, тоа е моето место; Ти не си злосторник, јас сум! Вината е моја, а љубовта е твоја!" И веднаш има помирување помеѓу нив; човекот се предава и Бог простува. Скршеноста на Божеството ја предизвика расипаноста на созданието!

На ист начин, Крстот на Господ Исус влијае врз помирувањето на човекот и неговите ближни, а ние тука мислиме особено на маж и на неговата жена. Како и да може да започне неволја помеѓу нив, таа наскоро се сведува на само еден фактор – кој е во право. Жената покажува кон сопругот и му вели: „Ти си тој што греши!" Тој покажува кон неа и ѝ вели: „Не, не си во право!" Ова меѓусебно обвинување не може да не произведе тензија помеѓу нив и да се изгуби љубовната комуникација. Бидејќи ниту едниот ниту другиот нема да се скршат, ситуацијата станува неподнослива. Следниот чекор може да биде некој од нив да размислува да се види со адвокат. Ќе замислиме дека конечно на еден од нив му е даден нов поглед на Крстот Исусов; како тоа се случува, никогаш не можеме да знаеме. Бог има толку многу средства што може да ги искористи. Оној кој тврдеше дека е во право, го гледа потполно и вечно

исправниот Кој ја зазема позицијата на целосно погрешен – умира како криминалец меѓу криминалците (имаше по еден од двете страни), како да е тој сам. Веднаш неговите зборови стивнуваат и тој почнува да попушта.

Мошне е тешко да се одржи некој под сенката на тој Крст. Во право сме, велиме, но дали сме целосно во право, како што Тој беше целосно во право? Можеби другата личност не беше во право на почетокот, но дали и нашата реакција на неговата или нејзината грешка не беше погрешна, страшно погрешна? Бесот, горчината, зборовите, омразата, зарем се грешка? Кога гледаме на тој начин, не можеме да кажеме дека сме целосно во право – далеку од тоа. А сепак, праведниот зазеде позиција на целосно грешен, со цел да нè спаси од нашите гревови. Зошто тогаш не го заземеме местото и на тој кој згреши и го признаеме тоа? И токму тоа почнува да го прави оној кој го гледа Крстот повторно. Ова е она што ние го нарекуваме скршено.

Но, забележете што се случува следно: тој оди кај другиот, не за да го обвинува, туку за да се обвини самиот себеси и да побара прошка од другиот за своите гревови и реакции. Ефектот на ова, толку често е другиот да омекне и тој или таа да почне да се кае и за она што не е во ред во неговото срце. Нема да помине многу време и ќе дојде до меѓусебно простување, онаму каде порано имало меѓусебно обвинување, и имаме прекрасна глетка на двајца грешници што се помирија заедно во подножјето на Исусовиот крст. И љубовта еден кон друг што одамна летна низ прозорецот почнува да се враќа, и тоа изобилно. Исто како што скршеноста на Божеството видено на крстот, предизвикува скршеност на созданието, така и кршењето на едното од тие суштества кои биле на Крстот, предизвикува кршење на другото, кое потоа исто така доаѓа на Крстот – и таму повторно се направени едно.

Можеби не ви одговара секогаш овој начин – барем не веднаш. Ова не е трик за да се натера другиот да се покае. Бог никогаш не ја нарушува слободната волја на човекот, и другиот може да одбие да се понизи. Само Светиот Дух може да го омекне и да го убеди да ја наведне главата, но Тој е поверојатно да ја искористи скршеноста од што било друго. Гледате, веќе не покажувате на гревовите на другиот, само ги признавате своите, и дел од тензијата очигледно се ослободува. Она против што реагираше другиот веќе го нема, и тоа Му дава можност на Бог да работи и во тоа срце. Значи, вие сте првиот на Крстот, не чекајќи го другиот! И дури и ако другиот веднаш не ви се придружи таму, ќе имате радост да знаете дека вашите гревови по ова прашање се измиени и дека сте во мир со Бог. Но, повторно и повторно откриваме дека Исусовиот крст навистина триумфира и во двете срца – и во срцата на децата – и му се донесува голема слава на Бог за уште еден славно возобновен дом.

Еве, да кажам две стории за илустрација. Првата илустрира колку е непотребно да се оди на суд за развод кога патот до Крстот е отворен. Еден активен христијански работник кој го познавам, се оженил со христијанка која неодамна се разведе од нејзиниот прв сопруг, кој и самиот беше христијанин и потоа се ожени повторно. Ова е неред – христијаните се разведуваат еден од друг! Тука се вклучени и добрите и лошите работи на повторно венчавање разведени лица, за што нема да елаборирам, зашто поентата на моето споменување тука е сосема друга. Колку и да изгледа чудно, овој активен христијанин никогаш не се распрашувал длабоко што не било во ред со првиот брак сè додека не се оженил со неа. Кога таа му се отвори, тој започнал да ја советува за патот на покајанието. Како резултат, таа беше убедена за погрешно однесување и почна да се кае. По некое време, почувствува дека мора да му пише на својот

поранешен сопруг, барајќи од него прошка. Немаше одговор неколку месеци и кога конечно дојде, ѝ пиша дека и тој ја увидел својата грешка, и бараше прошка! Можете ли да видите – никогаш не требало да се разведат; срамот од тоа никогаш не требаше да се случи, а компликациите од вториот брак (а имаше компликации) можеа да се избегнат, само да отидеа на Крстот; но за жал, тие отидоа на суд за развод.

Втората сторија позитивно ги илустрира славните триумфи на Крстот во вакви работи. Бев на служба на еден мој канадски пријател, кој беше во посета на Велика Британија, во којашто тој раскажуваше за пробудување во неговиот дел од светот. Кога заврши, праша дали некој сака да додаде нешто во духот на пораката. Една жена, непозната за сите, се качи на бината. Кажа дека е Канаѓанка во посета на Велика Британија и гледајќи ја најавата за тој состанок дека говорник ќе биде Канаѓанец, таа реши да дојде да го слушне својот сонародник. Таа ни рече дека иако исповедала дека е христијанка, таа и нејзиниот сопруг тешко живееле заедно и решиле да се разделат. Нејзиниот син бил далеку на колеџ и не очекувал дека ќе има дом во којшто ќе се врати. Двојката го определила датумот кога ќе ги потпишат документите со коишто ќе започне постапката за развод. Меѓутоа, еден ден пред да го сторат ова, тие слушнале дека во нивната црква се случуваат невообичаени работи на службата за пробудување, на еден патувачки проповедник. Одлучиле да присуствуваат таа вечер и се нашле соочени со самиот Господ Исус, и секој го видел својот грев во Неговата светлина. И двајцата дојдоа кај Неговиот крст и се помирија со Бог, и следеше прекрасно помирување еден со друг. Веднаш му беше испратена порака на синот: „Сепак има дом во којшто можеш да се вратиш. Сега и двајцата Го сакаме Господа!“ Како тоа да не беше доволно, таа продолжи да ни раскажува дека домот што се наоѓаше на работ на разделување, сега беше исполнет еднаш неделно со триесетина луѓе, собрани на

дружба за да ги споделат своите искуства за Господ. Ние ја слушавме, пленети од оваа неизвесна приказна за паротот кој отишол на Крстот отколку на суд за развод, со толку среќни и славни резултати. Кога размислуваме за ваквите дела на Господ, може и да запееме:

О за илјада јазици да пеат
голема пофалба на мојот Откупител!
Славата на мојот Бог и крал,
Триумфи на Неговата благодат.

Тринаесет

# „ГРЕВОТ НЕ ЌЕ ИМА ВЕЌЕ ВЛАСТ НАД ВАС“[1]

Бидете убедени, сексот во една или друга форма е битка за сите, без разлика дали се мажи или жени, без разлика дали се нехристијани или пак верни. Кој е еден од најубавите Божји дарови за човекот – и кога се користи правилно, еден од изворите на неговата најголема среќа – стана едно од неговите најголеми боишта со злото. Можеби ова се должи на фактот дека, иако сите човечки способности беа погодени од Падот, сексуалниот инстинкт се чини дека се расипал повеќе од кој било друг негов инстинкт – покажано дека еротската страна на нашите природи полесно реагира на лош предлог отколку на добро. На пример, приказната во весниците за нелегален секс што се случува, има тенденција да предизвика нешто погрешно во нас, што не го прави приказна за среќен брачен живот на друга личност. Неспорно е дека има многу поголем интерес во јавноста за погрешен секс отколку за правилен секс. И ова е нашата битка дури и како христијани, без оглед колку долго Го познаваме Господа. Ако не го знаеме Божјиот начин на победа тука, тогаш воопшто не го знаеме. Нивото на нашите христијански животи веројатно нема да се покачи повисоко од нивото на нашиот сексуален живот.

Дури и кога христијанинот е ослободен од надворешни навики, битката се води во врска со нечистите мисли, нечистите желби и нечистата приватна практика. И за жал,

[1] Рим. 6:14.

тој не е секогаш победник. Овој факт е крајно опасен од две гледишта. Ако не може како христијанин „да ја добие победата“ (како што вели поговорката), може да биде во искушение да каже: „Која е користа да се биде христијанин?“, и целосно да се откаже од својата исповест, да се врати во светот. Можеби тоа е образложението што стои зад некои случаи на заостанување; не дека светот е толку привлечен, туку дека засегнатото лице не може „да го направи христијанскиот живот успешен“, и затоа се откажува. Од друга страна, може да се задоволи со нешто помалку од најдоброто и да ги рационализира овие работи. Може да рече, на пример, дека самозлоупотребата (мастурбација) е нормална, сите го прават тоа, дури и христијаните, и тој престанува да го нарекува грев. Ако она што тој го кажува навистина е вистина (сите го прават тоа, дури и христијаните), не треба да бараме повеќе причини за недостаток на пробудување во нашите цркви: сите глумат, сите кријат грев.

Но, под благодатта нема потреба од ниту една од овие алтернативи. Нема потреба ниту да очајувате и да се откажувате, ниту да го криете гревот и да играте лицемер. Јас велам „под благодатта“, за одличниот текст како наслов на оваа глава, „Гревот не ќе има веќе власт над вас“, проследен со зборовите „зашто не сте под Закон, туку под благодат“.[2] Ако доживееме грев што нема власт над нас, ќе знаеме вистински како е да се живее под благодат, а не под закон.

Но, пред сè, мора да разбереме што всушност значи гревот да не владее над нас. Дел од нашите проблеми произлегуваат од тоа што имаме погрешна претстава за што станува збор. Ова секако беше точно во мојот случај. Порано мислев дека ми е ветено дека можам да стигнам до место каде што нема да имам повеќе проблем со гревот, дека ќе бидам мртов за неговите убедувања. Но, никогаш не можев да тврдам

2 Рим. 6:14.

дека стигнав до тоа место и го мразев овој текст и рефренот врз основа на којшто требаше да го пеам на библискиот час каде што присуствував:

Гревот нема да има власт над тебе;
Ох, каква славна и вистинска порака.

Го мразев затоа што се чини дека не функционираше во моето искуство, не само во врска со сексот, туку и во текот на мојот христијански живот генерално. Како што веќе реков, дел од мојата неволја беше што не разбирав што е во ред, а за возврат се заснова на погрешно сфаќање за тоа од што навистина се состои власта на гревот над мене. Во последно време сфатив дека власта на гревот не е неговата способност да ме фасцинира, да ме фати и преку постојано повторување од моја страна да се формира во навика, туку дека неговата власт се состои во вина што тој секогаш ја остава зад себе како негово наследство. Под вина не мислам на нешто што само објективно стои против нас во книгите Божји, туку нешто субјективно и внатрешно, мамурлак на срам и обвинување што секогаш останува по извршувањето на гревот, без оглед на неговиот посебен карактер. Со текот на времето, ништо не ја намалува таа вина, исто како што оставајќи чаша со денови или недели, од којашто некој пиел кафе, не прави ништо за да ги отстрани дамките во неа. Ова му дава на гревот далеку поголема моќ отколку што мислевме, т.е. неговата моќ да нè осуди и да продолжи да нè осудува долго откако ќе го сториме тоа. Во таков случај, најмногу што можеме да се надеваме да направиме е да ја задржиме вратата на шкафот со скелетот цврсто затворена; но длабоката внатрешна слабост продолжува, за потоа да се зголеми со извршување понатамошни гревови. Ова е она што навистина значи да се биде под власта на гревот.

Знам дека ние христијаните сме научени да веруваме дека вината за гревот е една работа, а моќта на гревот е друга, барем преку песните што ги пееме. Големата химна на Топлади, „Каменот на вековите“, ги има зборовите „Спаси ме од вината и моќта на гревот“. Општо е разбирливо дека вината за гревот е избришана кога за првпат Го прифативме Исус Христос за свој Спасител, но да се ослободиме од неговата секојдневна моќ да заведува, е сосема друга работа. И се смета дека е потребен уште еден благослов, некој втор благослов, за да се постигне таа цел. Ова сигурно порано беше мое разбирање; но сфатив дека вината и моќта на гревот не се две одделни работи, туку дека силата на гревот над мене се состои во неговата вина, неговата моќ да ме осуди. Ова значи дека е можно човекот да сторил одреден грев пред години, грев што оттогаш никогаш не го повторил, а сепак да биде под негова власт до денес, само затоа што сѐ уште го осудува. Мамурлакот на вина сѐ уште го има во неговото срце, свесно или потсвесно. Во таа состојба, неговиот однос со Бог е секако нејасен и му недостасува мирот и радоста што им се ветени на верниците. Повеќе од тоа, неговата врска со неговите соработници е засегната, и тој станува повлечен и не може да комуницира, бидејќи има толку многу за што не се осмелува да биде отворен.

Во таква состојба на духовна смрт, природно за сите нас е да се свртиме кон она што Павле го нарекува во овој стих – „законот“. Под ова мислам дека застапуваме повисоки стандарди за себе и се обидуваме да бидеме подобри. Ние одлучуваме да бидеме подуховни и се надеваме дека ќе работиме посовесно во нашите религиозни должности и сето тоа го правиме во надеж дека ќе ја донесе мошне потребната промена во нашиот однос со Бог и со нашите соработници. Но, тоа не прави така, и затоа колку и да се одлични овие нови цели, никогаш не успеваме да ги постигнеме или да станеме подуховни луѓе. А, нашиот неуспех да го сториме тоа само го надополнува чувството на

осуда и ја влошува а не подобрува ситуацијата. Ова го мисли Павле кога на друго место вели: „а силата на гревот е законот“.[3] Би помислиле дека тој би рекол „силата на гревот е искушение, но силата на светоста е законот“. Но, не – силата на гревот е закон, затоа што тие недостижни идеали на законот Божји само му даваат на гревот повеќе за да нѐ осудат. Да не се надевавме на тие повисоки стандарди, немаше да се чувствуваме толку осудени. Ако власта на гревот над нас е неговата моќ да нѐ осуди, тогаш светиот Божји закон само додава на таа моќ.

Во таква состојба на очај, имаме малку мотивација за друго, освен да грешиме понатаму. Нашата духовна ситуација е толку мртва и незадоволителна, што чувствуваме дека понатамошен грев нема да ги влоши работите – па зошто да не? Кога во недела наутро ќе се стави чист чаршав на маса, сите во семејството се мошне внимателни како ги ставаат работите на него; но на половина од неделата има толку многу дамки, што никој не се грижи дали ќе направи уште една дамка – сето тоа е дел од општата шема. Најмногу што можеме да се надеваме во оваа ситуација е да се обидеме да скриеме некои посрамни дамки. Но, колку подолго го криеме гревот, толку подолго продолжува да нѐ осудува и сѐ повеќе стануваме под неговата власт.

Зарем не е очигледно од сето ова дека вистинската цел на сатаната да нѐ провоцира да извршиме грев не е само тоа што можеме да направиме нешто неетичко, туку дека кога ќе го сториме тоа, тој може да нѐ обвини (тој е наречен обвинувач на браќата во Откровение 12), а потоа во таа состојба сме немоќни во нашето христијанско сведочење и служба. Христијанинот што извршил нечисто дело, следниот ден се чувствува како краставо куче; тој не сака да гледа во Бог или на другите христијани во очи; а што се однесува до преземање некоја духовна служба – тој повеќе би сакал да побегне и да се скрие. Ова е само резултатот што го смислил ѓаволот кога го

[3] 1 Кор. 15:56.

испровоцирал тој христијанин да греши. Тој се надева дека ова ќе доведе до понатамошен грев, и дека за возврат ќе му даде можност да го обвини понатаму и така натаму и така натаму. Гревот е една работа, но надградбата на вината што ја гради ѓаволот е друга, и понекогаш е далеку поголема од првобитниот грев врз којшто е изграден.

Значи, разбирањето на вистинската природа на владеењето на гревот и какви се намерите на ѓаволот во него, е првиот чекор кон слободата.

Сега сме подготвени да ја чуеме благодатната порака. Благодатта е Божјата љубов кон оние кои не заслужуваат ништо и не можат да сторат ништо. Законот, секако нѐ сведе на тоа место, и со тоа всушност нѐ направи кандидати за благодат. Највисоката работа што ја направи Божјата благодат за таквите луѓе е да им обезбеди Спасител. Како што вели рефренот:

Кога никој не беше пронајден да ме избави,
Исус дојде, фалете Го Неговото име!

Или подобро, како што рече апостол Јован: „Љубовта е во ова: не дека ние сме Го возљубиле Бога, туку Тој нѐ возљуби нас и Го испрати Својот Син како жртва, помирница за нашите гревови.“[4] Голгота ни покажува дека сме сакани од Бог безусловно, без скриени услови. Таму Исус умре за гревот. Така вели Римјаните 6: „Зашто, ако умрел – умрел за гревот еднаш засекогаш.“[5] Што значи тоа? Не значи дека Тој умрел од повиците на гревот (Тој никогаш не бил жив за нив); но дека плаќајќи го нашиот долг со Неговата крв, Тој умре и гревот не може да го осудува повеќе, и затоа Бог Го воскресна од мртвите. Но, ако на тој крст, гревот ја изгуби својата моќ да ја осуди нашата Замена, тој исто така ја изгуби својата моќ

4 1 Јн. 4:10.
5 Рим. 6:10.

да ги осуди сите оние чиј заменик стана. Ако секој од нив сега се врати на Крстот со исповед, сите тие може да сметаат на овој факт, да го изгубат товарот на вината и да застанат во слобода. Со оглед на тоа што законот бара да сториме сѐ од себе (без резултат, освен со понатамошна осуда, како што видовме), благодатта укажува на Христос дека стори сѐ за нас и ни наложува да се сметаме мртви со Него, за моќта на нашите гревови да не нѐ осудува повеќе.

Во нечии уши, изразот „враќање на Крстот“ може да изгледа само религиозно клише, без многу значење, освен за оној кој го кажува. Кога станува збор за искуство, можам да ве уверам дека тоа не е клише, туку многу длабока и понижувачка работа. Тоа значи да се вратиме на местото пред Бог на самопрогласен грешник и на местото каде што слободно се нуди помилување и враќање. Ако ни треба долго време да го сториме тоа, ќе бидеме подолго време под власта на гревот. Но, во моментот кога ќе се понизиме и исповедаме, сѐ ни е простено, очистено, ослободено од вина и прогласено за право со Бог, и сето тоа заради вековната вредност во очите на Бог за крвта на Исус. Основата на вината врз којашто сатаната ја изгради својата надградба е отстранета од самиот Бог; самата надградба се руши и затворениот во Него е ослободен.

Ова е смислата во којашто треба да го толкуваме овој голем збор на ветување: „Гревот нема да владее над тебе“. Исто така, тоа е смисла во којашто треба да толкуваме други важни фрази во Римјаните 6: „ослободени се од грев“,[6] и „Ние, кои умревме за гревот“[7]; ослободени од и мртви за гревот, не во смисла да бидеме слободни или мртви за своите молби, но за неговата моќ да нѐ осуди, и затоа да се ослободиме од сите штетни последици од тоа да бидеме под нејзина вина, што веќе ги посочивме.

---

6 Рим. 6:18, 22.

7 Рим. 6:2.

Потоа, под благодатта, новата мотивација доаѓа до ослободената душа, мотивацијата на љубовта. Оној кому многу му е простено, многу сака.[8] Според законот, немаше друга мотивација, освен стравот, стравот од грев и стравот од вина, и ништо не можеше да стори за да го отстрани. Но, под благодатта, под сенката на Крстот Исусов, вината ја снема, обвинувањата на сатаната се замолчуваат, совеста е побела од снегот и во нашите срца влегува силна нова мотивација – мотивацијата на љубовта кон Единствениот кој го стори сето ова за нас. Оваа мотивација нè наведува да се откажеме од гревот и да се претставиме себеси и нашите членови како робови на Оној кој го сторил сето тоа. И со таа мотивација доаѓаат благословени засилувања на волјата од Светиот Дух, Кој сега живее во нас. И резултатот е светост, вистинска практична светост токму сега, и на крајот вечен живот. Навистина, тоа е точно како што Римјаните 6 го сумираат сето тоа: „Но сега, откако сте ослободени од гревот и откако се поставивте во служба на Бога – го имате вашиот плод – осветувањето; а вечниот живот – за крај“.[9]

Значи, под благодатта нема потреба да очајуваме поради гревот, кога во некоја форма, тоа е повторно дел од нашето искуство. Крвта на Исус е секогаш достапна за наше обновување и чистење. Во оваа нова ситуација, гревот сè уште не треба да има власт над нас подолго време отколку што е потребно, за повторно да дојдеме до Крстот и да го исповедаме. Ниту пак, не треба да чувствуваме дека можеме само да ги прикриеме нашите неуспеси, и на тој начин да играме лицемери. Под благодат можеме да си дозволиме да бидеме искрени и да го наречеме гревот грев, без никакво оправдување. Навистина, мора да го сториме тоа ако Отецот сака да трча и да нè прегрне, исто како што тоа го стори таткото во параболата за неговиот

8 види Лк. 7:36–50.
9 Рим. 6:22.

син кој се враќа. И ништо нема толку многу да нè охрабри да го сториме ова, како нов поглед на Бог, како Бог на благодатта, Бог на грешникот. Потоа, нашето сведоштво за другите не е фарисејско – „што не сум како другите луѓе“; но онаа на цариникот – „Боже, биди милостив кон мене, грешникот“.[10]

Но, бидете внимателни во врска со употребата на овој збор „повторно“ во врска со сторениот грев, за да не ја промашите моќта на крвта на Исус. Ако кажете „Господи, јас го сторив тоа повторно“, знам што ќе рече тој: „Што направи повторно?“ Со Него нема запис дека некогаш се случило порано – таква е моќта на неговата крв. Ако знаете што е да се оди на Крстот, нема потреба да се оптеретувате со она што било претходно; што се однесува до Него, ова е првпат да дојдеш кај Него со тоа нешто. Така, по секое ново доаѓање кај Исус, можеш со радост да речеш: „Овој ден е првиот ден од остатокот од мојот живот“.

[10] Лк. 18:10–14.

# СОДРЖИНА

Предговор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3

Чуден наслов . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5

Заборавени фактори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

заборавениот фактор во прељубата . . . . . . . . . . . .13

Заборавениот фактор во блуд . . . . . . . . . . . . . . . .23

Заборавениот фактор на повеќекратни измами . . . . . . .29

Заборавени фактори во хомосексуалноста. . . . . . . . . . .35

Обесчестување на сопственото тело. . . . . . . . . . . . . .45

Тешкото зло направено кон Бог . . . . . . . . . . . . . . . .49

Чудесна благодат – нередот уреден . . . . . . . . . . . . .57

Подлабоко покајание. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .69

Мора да простите. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .77

Развод на суд или крстот? . . . . . . . . . . . . . . . . . . .85

„Гревот не ќе има веќе власт над вас“ . . . . . . . . . . . . .93

Порнографијата, страста, прељубата и другите сексуални гревови се во пораст во нашето општество, па дури и станаа проблем за многу верници.

Зошто се чини дека црквата мошне често не успева во службата кон оние кои се вовлечени во сексуален грев? И зошто се чини дека победата над овие гревови е толку недостижна?

Дали можеби има фактори во врска со сексуалниот грев, коишто едноставно сме заборавиле да ги земеме предвид? Можеби тука има некои подлабоки работи.

Придружете му се на Рој Хешон, бидејќи тој ги открива овие фактори и го води несигурниот верник кон местото на длабоко покајание и целосно ослободување од гревот.

„Рој Хешон ја храни душата на сексуалниот грешник, само за да го залечи неговото срце и да го доведе до одговорот за сите наши принуди и болести – крстот".

– паднат и обновен верник

Рој Хешион, успешен евангелист од Англија, знаеше дека ја изгубил моќта на Духот во својот живот – страшно чувство додека водел кампањи за евангелизам.

Во 1947 година, Хешон се состана со водачите на источноафриканската црква, којашто тогаш доживуваше огромно заживување, и којашто ја препозна неговата длабока лична потреба. Тоа беше како повторен почеток на христијанскиот живот, откога тој понизно дојде до крстот. Принципите на коишто го научи Господ, за првпат беа објавени во 1950 година, како „Патот кон Голгота", и сега се достапни на повеќе од 70 јазика.

RH
BT
ROY HESSION
BOOK TRUST

MK

ISBN: 978-608-66046-5-3

9 786086 604653